Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 октомври 2005 година.

Бр. 07-3961/1
26 октомври 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност; начинот и условите за регистрирање на хартиите од вредност, утврдување и порамнување на трговските трансакции и нетрговските преноси со хартии од вредност, како и ограничувањата на правата од сопственоста на хартиите од вредност; начинот и условите за функционирање на пазарот на хартии од вредност и на овластените учесници на пазарот; обврските за обелоденување од страна на акционерските друштва со посебни обврски за известување, членовите на органите на управување, директорите и одделни акционери; забранетите дејствија во врска со работењето со хартии од вредност; статусот и надлежностите на Комисијата; начинот и условите на работење на овластените учесници на пазарот при стечај и ликвидација и други прашања што се од значење за хартиите од вредност.

(2) За се она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за стечај и Законот за општата управна постапка.

## Дефиниции

Член 2

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Акција" е сопственичка хартија од вредност, која претставува неделив и идеален дел од основната главнина на акционерското друштво или командитното друштво со акции. Акциите можат да бидат обични и приоритетни;

2. "Акционерско друштво со посебни обврски за известување" е друштво кое извршило јавна понуда на хартии од вредност, или има основна главница од 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 100 акционери, или е котирано на берза;

3. "Барање за одобрение" е писмен документ кој се поднесува до Комисијата за хартии од вредност од страна на издавачот, со кое се бара дозвола за јавна или приватна понуда на хартиите од вредност;

4. "Благајнички запис" е краткорочна хартија од вредност издадена од Народната банка на Република Македонија, која се продава по дисконтирана вредност, а на денот на пристигнување издавачот ја исплаќа номиналната вредност;

5. "Внатрешна информација" е секоја ценовно чувствителна информација која не е јавно објавена преку печатени или електонски медиуми;

6. "Дематеријализирана хартија од вредност" е хартија од вредност којашто се води како електронски запис;

7. "Деривативни финансиски инструменти" се инструментите чијашто цена директно или индиректно зависи од цената на хартиите од вредност, стоките, девизите, берзанските индекси или каматните стапки кои не се потврди за депозит;

8. "Договор за фјучерси" е стандардизиран договор за идна продажба на однапред определен датум на хартии од вредност, девизи, стоки, берзански индекси или каматни стапки, со кој едната страна се обврзува да изврши предавање на договорениот имот, а другата страна се обврзува да ја плати однапред договорената цена;

9. "Договор за опција" е стандардизиран договор за идно купување или продавање на хартијата од вредност, девизите, стоките, берзанските индекси или каматните стапки, според кој едната договорна страна има право, но не и обврска, да го купи или да го продаде предметот на опцијата, по однапред договорена цена, секој работен ден до истекот на договорениот рок, а другата страна се обврзува, на барање на првата страна, безусловно да го предаде или да го преземе и да го плати договорениот предмет на опцијата;

10. "Дозвола за работа со хартии од вредност" е дозвола за работење на брокер и дозвола за работење на инвестиционен советник;

11. "Државен запис" е краткорочна должничка хартија од вредност издадена од Република Македонија;

12. "Депозитна камата" е просечната каматна стапка која ја плаќаат деловните банки во Република Македонија на денарските депозити на физички лица орочени на период од една година;

13. "Долгорочна хартија од вредност" е хартија од вредност чиј рок на пристигнување е една календарска година или подолго од денот на нејзиното издавање; 14. "Изложеност на брокерска куќа" е збир на побарувањата, вложувањата во хартии од вредност и капиталните влогови на брокерската куќа;

15. "Институционален инвеститор" е банка, осигурително друштво, инвестиционен фонд или пензиски фонд;

16. “Јавна понуда” е јавен повик за запишување и купување на хартии од вредност објавен во средствата за јавно информирање;

17. “Комерцијален запис” е должничка краткорочна хартија од вредност издадена од акционерско друштво или командитно друштво со акции, со која издавачот се обврзува дека на сопственикот ќе му ја исплати номиналната вредност и договорената камата на точно определен датум на достасување. Комерцијалниот запис може да има фиксна или варијабилна каматна стапка, или да биде без камата;

18. “Комисија” е Комисија за хартии од вредност, која претставува самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со овој закон, Законот за инвестициони фондови, Законот за преземање на акционерски друштва и на сите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони;

19. “Квалификувано учество во однос на едно правно лице” е сопственост на мнозински пакет на акции со право на глас во правното лице или сопственост на акции со право на глас, кое ако се искористи е доволно за именување или разрешување членови на управниот или надзорниот одбор и одборот на директори;

20. “Краткорочна хартија од вредност” е хартија од вредност чиј рок на пристигнување е пократок од една календарска година од денот на издавањето;

21. “Котација” е ставање на одредена класа на хартии од вредност од страна на берза на посебна платформа за тргување врз основа на договор меѓу таа берза и издавачот на хартиите од вредност со кој се регулираат меѓусебните права и обврски;

22. “Нетрговски пренос” е пренос на сопственоста на хартиите од вредност кој настанува врз основа на подарок, наследство, судска одлука, компензација и реализација на договор за залог, согласно со закон;

23. “Обврзница” е долгорочна должничка хартија од вредност, со која издавачот се обврзува дека на сопственикот на обврзницата еднократно или во рати, ќе му го исплати на определениот ден, износот на номиналната вредност на обврзницата и каматата. Обврзницата може да биде обезбедена или необезбедена, да има фиксна или варијабилна камата, да биде без камата, може на сопственикот да му дава право на камата и/или исплата на однапред определени рати, може да се откупи од страна на која било страна под одредени услови и/или може на сопственикот да му даде право да ја претвори обврзницата во друг вид на хартија од вредност на издавачот;

24. “Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност” е секое физичко или правно лице вклучено во работењето на пазарот на хартии од вредност, кое има добиено соодветна дозвола од Комисијата, вклучувајќи депозитари, берзи, банки, брокерски куќи, брокери и инвестициони советници;

25. “Проспект” е писмен документ во кој се содржани сите релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартиите од вредност, опишани во документот, да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од понудените хартии од вредност;

26. “Примарен пазар” е првото продавање на хартиите од вредност од страна на издавачите, односно првото запишување и уплата на хартиите од вредност;

27. “Приватна понуда” е понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност, која е упатена на не повеќе од 20 лица поединечно именувани во актот за издавање на хартии од вредност или само на институционални инвеститори;

28. “Поврзани лица” се поврзани правни лица, поврзани физички лица и физичко лице поврзано со правно лице;

29. “Поврзани правни лица” се: правно лице кое поседува, директно или индиректно најмалку 20% од акциите со право на глас од другото правно лице; правно лице во кое

најмалку 50% од членовите на управниот или надзорниот одбор и одборот на директори се членови на управниот одбор, надзорниот одбор или одборот на директори на другото правно лице; правно лице кое согласно со одредбите на Законот за трговските друштва има значително учество, мнозинско учество или заемно учество во другото правно лице; две правни лица кои се контролирани од исто или исти правни или физички лица и правно лице кое по друг основ го контролира друго правно лице;

30. "Поврзани физички лица" се физички лица коишто се: во сродство преку брак или посвојување; деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци; на друг начин се крвно поврзани до втор степен; живееле во заедница пет години непрекинато во однос на родител - старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка, снаа, зет и родители на брачните другари;

31. "Физичко лице поврзано со правно лице" е лице кое директно или индиректно поседува 20% од акциите со право на глас во правното лице или на друг начин има квалификувано учество во правното лице. Комисијата детално ги пропишува условите за дополнително одредување на поврзани лица;

32. "Порамнување" е процес на исполнување на обврските на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто произлегуваат од склучената трговска трансакција на секундарниот пазар, односно извршување на плаќањето од страна на купувачот и пренос на сопственоста на хартиите од вредност од страна на продавачот;

33. "Потврда за странска хартија од вредност" е доказ за сопственост на странска хартија од вредност, која на ниеден друг начин не е понудена, продадена или тргувана во Република Македонија, создадена со цел да се овозможи тргување со странската хартија од вредност во Република Македонија;

34. "Репо договор" претставува договор за промптна продажба/купување на хартии од вредност со обврска на продавачот/купувачот за повторен откуп/продажба на истите или слични хартии од врдност на некој иден датум по однапред утврдена цена;

35. "Саморегулирачка организација" е правно лице чии членови и/или акционери се овластени учесници на пазарот на хартии од вредност и која донесува правила и процедури за примена на правилата за организација и регулативата од обласла на хартиите од вредност во Република Македонија, преку испитување, одлучување и во случај на повреда и утврдување на дисциплински и други мерки;

36. "Сериски хартии од вредност" се хартиите од вредност издадени во исто време, од ист издавач и кои даваат исти права и обврски на сите сопственици;

37. "Секундарен пазар" е секое купување или продавање на претходно издадени хартии од вредност;

38. "Сертификат за депозит" е должничка хартија од вредност издадена од банка, врз основа на средства депонирани кај издавачот со кој се евидентира депозитот на посебна сметка кај издавачот и која го обврзува издавачот да му го исплати на сопственикот депозитот и камата во одреден временски период. Сертификатот за депозит е неограничено пренослив и се издава како сериска хартија од вредност. Сертификатот за депозит може да биде долгорочна или краткорочна хартија од вредност, со фиксна или варијабилна камата, без камата и може да има определен датум на пристигнување кој може да биде продолжен со соодветно барање на сопственикот;

39. "Сопствени акции" се акциите претходно издадени и продадени од страна на акционерско друштво или командитно друштво со акции кои подоцна друштвото ги стекнува по различни основи;

40. "Трговски трансакции" се промени на сопственоста на хартиите од вредност на секундарниот пазар како резултат на нивно купување или продавање;

41. “Утврдување” е повеќефазен процес којшто се состои од идентификација на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто склучиле трговска трансакција на секундарниот пазар, идентификација на хартијата од вредност со која е тргувано, количината на хартии од вредност со која се тргувало и цената по која е склучена трансакцијата; потврдување на елементите на трговската трансакција од страна на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност кои ја склучиле истата и пресметка на меѓусебните обврски на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто склучиле трговска трансакција на секундарниот пазар;

42. “Финансиски извештај” е извештајот кој во себе ги вклучува билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за промени на главнината и извештајот за паричните текови;

43. “Хартии од вредност” се следниве инструменти:

а) акции во трговските друштва,

б) обврзници,

в) инструменти на пазарот на пари,

г) акции и удели во инвестиционите фондови кои работат според Законот за инвестициони фондови,

д) деривативни финансиски инструменти,

ѓ) потврда за странска хартија од вредност и

е) други финансиски инструменти кои според Комисијата се сметаат за хартии од вредност и

44. “Ценовно чувствителни информации” се информации од специфична природа кои се директно или индиректно поврзани со издавачот на хартиите од вредност и кои, доколку се обелоденат, би можеле да влијаат на цената на хартиите од вредност на издавачот или да влијаат на одлуката на инвеститорите да купуваат, продаваат или да ги чуваат хартиите од вредност.

## II. ИЗДАВАЊЕ, ПОНУДА И ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 1. Издавање на хартии од вредност

#### Издавачи на хартии од вредност

Член 3

Хартии од вредност можат да издаваат: Министерството за финансии во името на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, општините и градот Скопје, акционерските друштва и командитните друштва со акции и други домашни и странски правни лица (во натамошниот текст: издавач), во согласност со овој или друг закон.

#### Дематеријализирани хартии од вредност

Член 4

Хартиите од вредност се издаваат во дематеријализирана форма.

## Обврски за издавачите

Член 5

Издавачот на хартии од вредност е должен да ги извршува обврските кои произлегуваат од хартиите од вредност утврдени со овој или друг закон.

## Номинална вредност и валута во која се издаваат хартиите од вредност

Член 6

(1) Хартијата од вредност има номинална вредност.

(2) Номиналната вредност на хартиите од вредност може да биде изразена во денари или во странска валута.

(3)Трговските трансакции со хартии од вредност на територијата на Република Македонија се вршат во денари.

(4) Издавањето на хартии од вредност без номинална вредност е забрането.

(5) Хартијата од вредност издадена без номинална вредност е ништовна.

## Акт за издавање на хартии од вредност

Член 7

(1) При секое издавање на хартии од вредност, издавачот е должен да донесе акт за издавање кој во зависност од видот на хартиите од вредност ги содржи следниве податоци:

- назив на издавачот;
- видот на хартиите од вредност;
- целта поради која се издаваат хартиите од вредност;
- родови и класи на акции;
- назив на гарантот;
- серија на хартиите од вредност;
- вкупна вредност на емисијата;
- номинална вредност;
- право на глас;
- начин на исплата на дивиденда;
- висина на каматна стапка, начин на пресметување и исплата на истата;
- висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на обврзници во трајниот сопствен капитал;
- можности за замена со други хартии од вредност;
- извори на средства од каде што ќе бидат исплатени хартиите од вредност;
- начин и време на запишување на хартии од вредност;
- количина и апоенска структура на хартии од вредност;
- начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност;
- право на првенствено купување и редоследот на остварување на првенството кога акциите се издаваат во повеќе серии;
- начин на кој се објавува издавањето на хартиите од вредност;
- постапка за распределба на хартиите од вредност;

- права кои произлегуваат од приоритетните акции;
- идентитет на познат купувач при приватна понуда на хартии од вредност и
- продажна цена на хартиите од вредност.

(2) Комисијата ги пропишува формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови хартии од вредност.

**Вредност на емисијата на хартии од вредност**

Член 8

(1) Кога издавач е акционерско друштво или командитно друштво со акции, друштвото може да издава нови акции во неограничен износ во согласност со статутот на друштвото.

(2) Вкупната номинална вредност на една емисија на обврзници или комерцијални записи која не е гарантирана од банка или од Република Македонија, не смее да изнесува повеќе од вредноста на основната главнина на издавачот.

(3) Во случај кога емисијата на обврзници или на комерцијални записи е гарантирана од банка или од Република Македонија, најголемата вредност на емисијата не смее да го надминува износот на основната главнина и износот на издадената гаранција.

**Одобрение за издавање на хартии од вредност**

Член 9

(1) Издавањето на хартии од вредност на примарниот пазар, вклучувајќи ги и сопствените акции, се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата, освен во случаите од членот 29 на овој закон.

(2) Издавањето на хартии од вредност на примарниот пазар вклучувајќи ги и сопствените акции, може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

**Договори за опции и фјучерси и други деривативни финансиски инструменти**

Член 10

Начинот и постапката на издавањето, понудата и продажбата на договорите за опции и фјучерси и на други деривативни финансиски инструменти на примарниот пазар, тргувањето со овие деривативни финансиски инструменти на секундарниот пазар и порамувањето и утврдувањето на овие трговски трансакции, поблиску ги пропишува Комисијата.

**Потврда за странска хартија од вредност**

Член 11

(1) Потврда за странска хартија од вредност која се издава, понудува и продава во Република Македонија претставува доказ за сопственост на една или повеќе обични акции, приоритетни акции или должнички хартии од вредност издадени од странски издавач котирани на берза или тргувани на друг регулиран пазар во земјите на ОЕЦД, или должнички хартии од вредност издадени или гарантирани од владите на земји членки на ОЕЦД или централната банка на некоја од тие земји.

(2) Во актот за издавање на потврдата за странска хартија од вредност се предвидува дека приносот остварен од хартиите од вредност од ставот (1) на овој член, во форма на камата, дивиденда или која било друга форма се распределува на имателот на потврдата на странската хартија од вредност и не може да се реинвестира во хартијата од вредност врз основа на која е издадена потврдата за странската хартија од вредност.

(3) Во актот за издавање на потврдата за странска хартија од вредност се предвидува дека приносот остварен при пристигнување на должничките хартии од вредност од ставот (2) на овој член или други хартии од вредност кои имаат рок на достасување, се распределува на имателот на потврдата за странска хартија од вредност и не може да се реинвестира во хартијата од вредност врз основа на која е издадена потврдата за странска хартија од вредност.

(4) Потврдата за странска хартија од вредност задолжително во своето име ги содржи зборовите потврда за странска хартија од вредност.

(5) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на издавањето, купувањето, продажбата, нетрговскиот пренос, обврските за известување на издавачот и надлежностите на Комисијата во однос на другите хартии од вредност предвидени со овој закон подеднакво се однесуваат и на потврдите за странски хартии од вредност.

## 2. Јавна понуда

### Барање одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда

Член 12

Издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност по пат на јавна понуда се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата на барањето за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда од издавачот.

### Содржина на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда

Член 13

(1) Издавачот поднесува барање за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда до Комисијата.

(2) Барањето за одобрение содржи:

- основни податоци за издавачот;
- основни податоци за членовите на надзорниот и на управниот одбор или на одборот на директори на издавачот;
- основни податоци за хартијата од вредност што се издава и
- податоци за деловното работење на издавачот и за намената на средствата од емисијата на хартии од вредност.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда по видови издавачи и по видови хартии од вредност.

## Документација која се поднесува заедно со барањето за одобрение

Член 14

(1) При поднесувањето на барањето за одобрение издавачот ги доставува следниве документи:

а) статут на друштвото;

б) трговска регистрација;

в) финансиски извештаи за претходните три години во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;

г) извештај од овластен ревизор за последните три години во согласност со меѓународните ревизорски стандарди;

д) акт за издавање на хартиите од вредност;

ѓ) изјава од раководно лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот и дека:

- емисијата е во согласност со овој закон и со актот за издавање,
- податоците наведени во барањето за одобрение се вистинити и точни и
- податоците содржани во Проспектот се вистинити и точни и дека во Проспектот не е пропуштена ниедна ценовно чувствителна информација, освен ценовно чувствителните информации чие необјавување е одобрено од Комисијата;

е) Проспект на издавачот и покана за запишување и уплата на хартиите од вредност и други информации значајни за купувачите и

ж) други документи кои ќе ги утврди Комисијата.

(2) Во случаи кога барањето за одобрение се однесува на акции од втора или од наредна емисија, издавачот е должен да ги поднесе следниве податоци:

а) износот на претходните одобрени и реализирани емисии;

б) видот и количината на претходно издадените хартии од вредност, со опис на правата кои произлегуваат од нив и нивната номинална вредност и

в) други податоци за издадените хартии од вредност кои поблиску ги пропишува Комисијата.

(3) Трошоците за разгледување и одобрување на барањето за издавање одобрение паѓаат на товар на издавачот согласно со Тарифникот на Комисијата од членот 227 став (2) на овој закон.

(4) Комисијата ја пропишува формата и содржината на Проспектот и поканата за запишување на хартиите од вредност.

## Необјавување на ценовно чувствителни информации

Член 15

(1) Правното лице кое има поднесено барање за одобрение за издавање на хартии од вредност, по исклучок може да побара од Комисијата да не објави во својот Проспект определени информации во согласност со одредбите од оваа глава, ако јавното објавување на тие информации значително ќе ги загрози деловните тајни на правното лице или би било спротивно на интересот на купувачите и на постојните акционери и ако правното лице гарантира дека овие податоци нема да бидат обелоденети пред јавноста.

(2) Одобрувањето на Комисијата за необјавување на ценовно чувствителните информации од ставот (1) на овој член, задолжително се објавува во Проспектот.

(3) Комисијата ги пропишува содржината, начинот и роковите за поднесување на барањето од ставот (1) на овој член.

**Одлучување по барањето за одобрение**

Член 16

(1) Комисијата врз основа на целокупната документација донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда во рок од 60 календарски дена сметано од денот на поднесувањето на комплетната документација.

(2) Врз основа на информациите и документацијата поднесени согласно со членовите 13 и 14 од овој закон, Комисијата одлучува за одобрување или одбивање на барањето.

(3) Комисијата донесува решение за одбивање на барањето за издавање на хартии од вредност ако открие дека Проспектот:

а) не е во согласност со овој закон или со правилниците донесени врз основа на овој закон;

б) содржи ветување, изјава, процена или предвидување кое е лажно или неточно и

в) содржи податоци кои даваат погрешна претстава или се пропуштени важни податоци.

(4) Ако Комисијата издаде одобрение за издавање на хартии од вредност, тогаш Проспектот поднесен согласно со членот 14 став (1) точка е) од овој закон, ќе се смета за одобрен.

**Започнување на постапка за запишување и уплата на хартии од вредност**

Член 17

(1) Издавачот е должен да ја започне постапката на запишување и уплата на понудените хартии од вредност во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението од Комисијата согласно со членот 16 од овој закон.

(2) Ако Комисијата, откако одобрила емисија на хартии од вредност, добие информација која доколку била добиена навремено, би била причина за одбивање на барањето или ако околностите се промениле до таа мера што Комисијата веќе нема да го даде своето одобрение и/или издавачот или кое било поврзано лице издаде реклама спротивно на членот 20 од овој закон, Комисијата може да донесе решение за поништување на решението за одобрување на емисија, а издавачот е должен без одлагање да ја запре натамошната продажба на хартиите од вредност.

(3) Ако Комисијата го поништи решението согласно со ставот (2) од овој член, сите запишувања на хартиите од вредност се откажуваат и сите уплати кои издавачот ги примил за таквите хартии од вредност се враќаат на купувачот заедно со депозитна камата.

**Објавување на поканата за запишување, уплата и Проспект**

Член 18

(1) Издавачот е должен поканата за запишување и уплата на хартии од вредност да ја објави на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што

излегуваат на територијата на Република Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.

(2) Поканата од ставот (1) на овој член може истовремено да се објави и во дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија.

(3) Издавачот е должен Проспектот и поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност да ги објави на веб страницата на берза, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.

(4) Проспектот се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на издавачот и на сите места каде што се врши запишување и уплата на хартиите од вредност.

(5) Конечната содржина на Проспектот што е предмет на објавување не смее да се разликува од Проспектот што Комисијата го одобрила при донесувањето на решението за одобрение за издавање на хартии од вредност.

## Измена на условите во текот на јавната понуда

Член 19

(1) Во текот на јавната понуда издавачот не смее да ги менува статутот и другите акти кои се однесуваат на правата на сопствениците на хартии од вредност опишани во Проспектот.

(2) Доколку во текот на јавната понуда какви било ценовно чувствителни информации станале неточни или невистинити, или доколку се појават нови информации кои би влијаеле на инвеститорите при донесување на одлука за купување, издавачот е должен веднаш да ја прекине јавната понуда на хартии од вредност; да ги извести Комисијата и јавноста; да побара од Комисијата одобрение за соодветни измени на Проспектот и измените да ги објави во јавноста во рок од три работни дена од денот кога е добиено одобрението од Комисијата. Издавачот е должен да им го достави изменетиот Проспект на сите лица кои претходно имале запишано хартии од вредност за време на јавната понуда заедно со известувањето за лицата кои запишале хартии од вредност за нивното право на откажување согласно со ставот (3) на овој член.

(3) Секое лице кое запишало или уплатило хартии од вредност врз основа на оригиналниот Проспект, може во рок од 15 календарски дена од денот на приемот на изменетиот Проспект да го откаже запишувањето на хартиите од вредност и да му биде вратен паричниот износ што го имал платено за хартиите од вредност заедно со депозитна камата.

## Рекламирање на јавната понуда

Член 20

(1) Издавачот може да ја рекламира јавната понуда на хартиите од вредност.

(2) Рекламите поврзани со јавната понуда на хартиите од вредност треба да содржат информација за денот на првото објавување на Проспектот и местото каде што може да се обезбеди примерок од истиот.

(3) Рекламите треба да имаат промотивен карактер. Информациите во рекламата треба да бидат целосни, да не насочуваат во погрешна насока и да бидат во согласност со Проспектот.

## Постапка за запишување

Член 21

(1) Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност се врши во просториите на издавачот, или во просториите на овластен учесник на пазарот кој за тоа има договор со издавачот.

(2) Овластените учесници на пазарот се должни да обезбедат запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со овој закон, со актот на издавање на хартии од вредност и со Проспектот.

(3) За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебна сметка во банка, која не може да биде користена од страна на издавачот сî додека јавната понуда не биде успешно завршена согласно со членот 23 од овој закон.

(4) Средствата кои еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се сметаат за дел од стечајната маса во случај на стечај на издавачот пред успешното завршување на понудата согласно со членот 23 од овој закон.

(5) Во случај кога издавачот ќе стане несолвентен или над него ќе биде отворена стечајна постапка, јавната понуда автоматски се запира и уплатите на купувачите се враќаат согласно со членот 23 став (2) од овој закон.

(6) Комисијата ги пропишува начинот и постапката за запишување на хартиите од вредност.

## Рок за реализација на јавната понуда

Член 22

Рокот за реализација на јавната понуда не може да биде подолг од 12 месеца од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на хартиите од вредност.

## Завршување на јавната понуда

Член 23

(1) Јавната понуда на хартии од вредност се смета за успешно завршена ако во рокот предвиден во членот 22 од овој закон најмалку 60% од хартиите од вредност понудени во Проспектот се запишани и уплатени, освен ако издавачот во Проспектот не предвидел повисок процент на запишување и уплата на хартии од вредност за емисијата да се смета за успешна.

(2) Ако јавната понуда не се реализира согласно со ставот (1) од овој член, истата се смета за неуспешна, а сите запишувања на хартиите од вредност се поништуваат и сите примени уплати за хартиите од вредност се враќаат на инвеститорите заедно со депозитна камата.

(3) Доколку во рокот утврден во членот 22 од овој закон се запишани и уплатени повеќе од 60% од понудените хартии од вредност или повеќе од процентот предвиден од издавачот во Проспектот, издавачот може да ја затвори јавната понуда. Издавачот е должен да ја извести Комисијата и јавноста за затворањето на јавната понуда најмалку 15 работни дена пред денот кој издавачот го определува како ден за завршување на јавната понуда.

(4) По завршувањето на јавната понуда согласно со ставовите (1) и (3) од овој член, сите хартии од вредност кои не се уплатени не може да бидат предмет на продажба.

(5) После успешното завршување на јавната понуда на хартии од вредност, издавачот ги регистрира хартиите од вредност кај овластен депозитар.

(6) За време на јавната понуда, не може да се врши секундарно тргување со хартиите од вредност што се предмет на понудата сè додека хартиите од вредност не бидат регистрирани во овластениот депозитар за хартии од вредност.

(7) Комисијата поблиску ја пропишува содржината на известувањето од ставот (3) на овој член.

**Известување за исходот на јавната понуда**

Член 24

(1) Издавачот е должен најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на понудата да ја извести Комисијата за бројот на запишаните и уплатени хартии од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата.

(2) Комисијата поблиску ја пропишува содржината на известувањето за запишаните и уплатените хартиите од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата.

(3) Издавачот е должен најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на понудата да ги објави податоците од ставот (1) на овој член во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Објавувањето на податоците може да биде и во дневни весници на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија.

(4) Доколку издавачот треба да обезбеди согласност од друг субјект за регистрирање на продадените хартии од вредност, известувањето од ставот (1) на овој член до Комисијата се доставува по добивањето на таквата согласност.

**Понуда за продажба на сопствени акции**

Член 25

(1) Акционерското друштво и командитното друштво со акции што имаат намера да ги понудат за продажба сопствените акции се должни претходно да ја известат Комисијата и да и ја достават одлуката за отуѓување на сопствените акции.

(2) Секоја понуда за продажба на сопствените хартии ќе се смета за јавна понуда, освен ако понудата не претставува исклучок од давање на одобрение согласно со членот 26 или приватна понуда согласно со членот 27 од овој закон.

## 3. Исклучоци од давање на одобрение за издавање на хартии од вредност

**Понуда чиј износ е помалку од 25.000 евра во денарска противвредност**

Член 26

(1) Одобрение од Комисијата за издавање на хартии од вредност не е потребно за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда, чијшто вкупен износ не изнесува повеќе од 25.000 евра во денарска противвредност.

(2) Издавачот на хартии од вредност од ставот (1) на овој член е должен да ја извести Комисијата за таквата понуда, да го достави до Комисијата актот за издавање на хартиите од вредност и да објави соопштение за известување на јавноста за ваквата понуда.

(3) Издавачот на хартии од вредност може да издава хартии од вредност без одобрение од Комисијата согласно со ставот (1) од овој член најмногу еднаш во две календарски години.

(4) Комисијата ја пропишува содржината на соопштението од ставот (2) на овој член.

## 4. Приватна понуда

### Постапка за реализација на приватната понуда

Член 27

(1) Во случај на приватна понуда, издавачот на хартиите од вредност до Комисијата доставува барање за одобрување на издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда, акт за издавање на хартии од вредност и предлог на соопштение до јавноста за реализација на приватна понуда.

(2) Комисијата во рок од 30 календарски дена донесува решение со кое го одобрува или одбива барањето за приватна понуда, сметано од денот на поднесувањето на комплетната документација од ставот (1) на овој член.

(3) Врз основа на податоците и документите од ставот (1) на овој член, Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за одобрување на приватна понуда.

(4) Хартиите од вредност кои се предмет на приватна понуда се уплатуваат во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението од ставот (2) на овој член.

(5) Издавачот е должен најдоцна во рок од пет работни дена од завршувањето на приватна понуда да ја извести Комисијата и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата.

(6) Постапката за реализација на приватна понуда согласно со овој закон се применува и кога се врши зголемување на основната главнина од средствата на друштвото во форма на нови акции, без разлика колкав е бројот на акционери кои стекнуваат нови акции.

(7) Издавачот може да изврши приватна понуда на хартии од вредност согласно со одредбите од овој закон најмногу еднаш во текот на една календарска година.

(8) Трошоците за разгледување и одобрување на барањето за издавање одобрение паѓаат на товар на издавачот согласно со Тарифникот од членот 227 став (2) на овој закон.

(9) Комисијата ги пропишува формата и содржината на барањето за одобрување на приватната понуда, на соопштението од ставот (1) и на известувањето од ставот (5) на овој член.

### Промени на купувачите во приватна понуда

Член 28

(1) Доколку идентитетот на некој од купувачите се промени за времетраење на приватната понуда, издавачот е должен од Комисијата да добие дозвола за настанатата промена.

(2) Доколку идентитетот на некој од купувачите се промени, издавачот доставува корегиран акт за издавање со точни информации за идентитетот на купувачите.

(3) Комисијата ја прогласува за ништовна секоја приватна понуда која завршила со продажба на хартии од вредност на купувач кој не бил именуван во актот за издавање.

### 5. Исклучоци за кои не е потребно одобрение од Комисијата

Член 29

Обврските утврдени во оваа глава не се применуваат во следниве случаи:

а) при издавање или гарантирање на хартии од вредност од страна на Република Македонија;

б) при издавање на хартии од вредност од страна на Народната банка на Република Македонија;

в) при издавање на хартии од вредност во постапка на трансформација на едно правно лице во акционерско друштво или во командитно друштво со акции, кога износот на основната главнина на правното лице останува непроменет и кога сите сопственици добиваат пропорционален износ од новоиздадените хартии од вредност;

г) при симултано основање на акционерско друштво или командитно друштво со акции;

д) при издавање на сертификати за депозит кои не се издадени како сериски хартии од вредност од страна на овластена банка и

ѓ) при поделба на акции во одреден сооднос при што основната главнина останува непроменета.

## III. ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, РЕГИСТРАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ВРШЕЊЕ НА НЕТРГОВСКИ ПРЕНОСИ И ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ТРАНСАКЦИИ

### 1. Депозитар на хартии од вредност

#### Регистрирање на хартии од вредност, порамнување на трговски трансакции и нетрговски преноси

Член 30

(1) За регистрирање на хартиите од вредност, порамнување на трговските трансакции и вршење на нетрговски преноси со хартии од вредност се основа депозитар за хартии од вредност (во натамошниот текст: депозитар).

(2) Депозитарот функционира како саморегулирачка организација.

#### Права на сопственост од хартиите од вредност

Член 31

(1) Правата на сопственост од хартиите од вредност настануваат со запишувањето на хартијата од вредност на сметка на сопственикот во депозитарот и се пренесуваат со запишување на хартијата од вредност на сметката на новиот сопственик во депозитарот.

(2) Правата од хартијата од вредност се стекнуваат, ограничуваат или пренесуваат единствено со соодветното запишување на сметките на хартии од вредност во депозитарот, освен ако со закон поинаку не е утврдено.

(3) Сите податоци запишани во депозитарот кои се однесуваат на сопственоста на хартиите од вредност имаат статус на претпоставена точност и вистинитост.

(4) Изводот од состојбата на сметката на хартии од вредност што му се доставува на сопственикот на хартиите од вредност согласно со членот 67 став (2) или (3) од овој закон се смета за доказ за правото на сопственост на хартиите од вредност на датумот и во времето кога е издаден изводот.

**Функции на депозитарот**

Член 32

(1) Функции на депозитарот се:

а) регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);

б) давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;

в) запишување на сопствениците на хартии од вредност;

г) порамнување на трговските трансакции според принципот испорака наспроти плаќање;

д) вршење на нетрговските преноси;

ѓ) овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;

е) следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и

ж) вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

(2) Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

а) доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и

б) вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

**Дозвола за основање депозитар**

Член 33

(1) Функции на депозитар на хартии од вредност согласно со членот 32 став (1) од овој закон не може да врши правно лице кое не добило дозвола за основање на депозитар од Комисијата согласно со членот 43 од овој закон.

(2) Ниедно правно лице не може да се регистрира во трговскиот регистар под името "депозитар на хартии од вредност" и при неговото работење не може да го користи називот "депозитар на хартии од вредност" ако не добило дозвола за основање на депозитар.

**Основање на депозитар**

Член 34

(1) Депозитар се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија согласно со Законот за трговските друштва и овој закон.

(2) Депозитар може да основаат брокерски куќи, банки, осигурителни друштва или друштва за управување со фондови.

(3) Депозитар мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од најмалку 500.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, започнувајќи од датумот на добивање на дозволата за основање на депозитар.

(4) Комисијата поблиску ја пропишува структурата и начинот на пресметка на основната главнина на депозитарот.

## Сопственост на акции во депозитар

Член 35

(1) Акционери во депозитарот можат да бидат единствено брокерски куќи, банки, осигурителни друштва или друштва за управување со фондови.

(2) Акционерот со сите негови поврзани лица не може да поседува повеќе од 15% од акциите со право на управување во депозитарот.

(3) Доколку некој од акционерите на депозитарот заедно со поврзаните лица се стекне со повеќе од 15% од акциите со право на глас на депозитарот е должен во рок од една година да го отуѓи износот на акции што ги поседува над дозволениот процент. За време на поседување на износот на акции над дозволениот процент, акциите се без право на глас.

(4) При одржување на акционерско собрание, процентот на акции со право на глас кои произлегуваат од сите издадени акции на депозитарот се намалува сразмерно со количината на акции стекнати над дозволениот процент од ставот (2) на овој член, така што при остварувањето на правото на глас акционерот од ставот (2) на овој член се смета дека поседува 15 % од акциите со право на глас.

(5) Влогот во акционерскиот капитал на депозитарот може да им се врати на акционерите во депозитарот на пропорционална основа само во случај на траен престанок на работата на депозитарот, по претходно намирување на сите обврски на депозитарот.

(6) Сопствениците на акции на депозитарот можат да ги продаваат своите акции само на лицата од ставот (1) на овој член.

## Органи на управување на депозитар

Член 36

(1) Член на одбор на директори или надзорен и управен одбор на депозитар, може да биде лице со искуство од најмалку три години во областа на финансиите и деловното право и не смее да биде лице кое е:

а) осудено со казна затвор во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години;

б) осудено со казна затвор во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и десет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над три години и

в) на кое му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност додека трае мерката.

Во случај на бришење на осудата од точките а) и б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

(2) Во случај на депозитар со двостепен систем на управување, најмалку една третина од членовите на управниот одбор и надзорниот одбор се лица кои не се вработени во депозитарот или поврзани со кој било акционер, членка на депозитарот или друго правно лице кое е овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

(3) Во случај на депозитар со едностепен систем на управување, најмалку една третина од членовите на одборот на директори се лица кои не се вработени во депозитарот или поврзани со кој било акционер, членка на депозитарот или друго правно лице кое е овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

**Статут на депозитар**

Член 37

Со статутот на депозитарот, покрај прашањата утврдени во Законот за трговските друштва, се уредуваат и:

а) условите за стекнување членство во депозитарот и правата и обврските на членките на депозитарот;

б) условите, критериумите и документацијата за прием на одделни членки во депозитарот и нивните права и обврски;

в) причините заради кои на одделни членки во депозитарот им се забранува да учествуваат во работењето на депозитарот;

г) основните принципи на работење на депозитарот;

д) начинот на вршење на надзорот што го спроведува самиот депозитар врз своето работење и врз своите членки;

ѓ) начинот на решавање на споровите меѓу членките на депозитарот, клиентите и членките;

е) начинот на спречување на злоупотреби на информациите кои не се достапни за сите членки на депозитарот;

ж) начинот на спречување на злоупотреби и непорамнување на трговските преноси;

з) начинот на организирање на информативен систем и

ѕ) други прашања значајни за работата на депозитарот.

**Членки на депозитар**

Член 38

(1) Само овластените учесници на пазарот на хартии од вредност кои се регистрирани во трговскиот регистар можат да бидат членки на депозитарот.

(2) Членка на депозитарот не мора да биде и акционер на депозитарот.

(3) Депозитарот донесува правила за членство со кои поблиску се утврдуваат правата и обврските за членство, обврските и правата на членките на депозитарот согласно со овој закон и статутот на депозитарот.

(4) Депозитарот е должен на секое правно лице да му дозволи да стане членка на депозитарот доколку ги исполнува условите утврдени во неговите правила за членство.

(5) Со правилата за членство во депозитар се пропишува дека членот на депозитар мора:

а) да има дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата;

б) да биде соодветно организационо и технички опремен;

в) да ги исполнува другите услови пропишани од Комисијата и депозитарот и

г) да доставува до депозитарот копии од финансиските извештаи кои согласно со овој закон ги доставува до Комисијата.

(6) Според правилата на депозитар за членство, правното лице кое сака да стане членка во депозитарот ја поднесува следнава документација:

а) писмено барање во форма и содржина пропишана од депозитарот;

б) примерок од статутот;

в) примерок од дозволата за работа со хартии од вредност и

г) дополнителни информации коишто може да ги бара депозитарот согласно со правилата за членство.

(7) Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност чие барање за членство е одбиено можат да поднесат жалба до Комисијата во рок од 15 календарски дена од приемот на одлуката.

(8) Сите членки на депозитарот се должни да ги почитуваат актите на депозитарот.

**Правила за работа на депозитар**

Член 39

(1) Депозитарот донесува правила за работа со кои поблиску се утврдуваат:

а) начинот на водење на регистарот на хартии од вредност;

б) начинот и постапките за порамнување на трговските трансакции;

в) начинот и постапката за вршење на нетрговските преноси;

г) начинот на водење на сметките на сопствениците на хартии од вредност и

д) начинот за заштита од грешки при работењето на депозитарот.

(2) Депозитарот воспоставува систем или механизам за обезбедување на непречено порамнување на трговските трансакции што поблиску ги пропишува депозитарот.

**Тарифник на депозитар**

Член 40

За извршените услуги сите корисници на услугите плаќаат надоместок по тарифа која ја донесува депозитарот.

**Саморегулирачка организација**

Член 41

(1) Депозитарот како саморегулирачка организација донесува правила за однесување и дисциплина со кои поблиску се уредува спроведувањето на сите акти на депозитарот, овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон или друг закон во надлежност на Комисијата.

(2) Правилата за однесување и дисциплина на депозитарот му даваат овластување на директорот на депозитарот да презема мерки и/или привремено или постојано да го укине правото на член на депозитар да учествува во работењето на депозитарот ако тој не ги почитува правилата на депозитарот или не ги исполнува обврските кои произлегуваат од извршените трансакции со хартии од вредност.

(3) Членот на депозитарот има право на жалба во согласност со овој закон, и тоа за:

а) дисциплинска одлука донесена од страна на директорот до одборот на директори или управниот одбор на депозитарот соодветно, во рок од 15 календарски дена по приемот на одлуката и

б) дисциплинска одлука донесена од страна на одборот на директори на депозитарот или управен одбор, соодветно до Комисијата во рок од 15 календарски дена по приемот на одлуката.

**Решавање на спорови меѓу членките**

Член 42

(1) Депозитарот донесува правила за арбитража со кои поблиску се уредува разрешувањето на споровите меѓу членките и членките и нивните клиенти, на правичен, ефикасен и чесен начин.

(2) Споровите меѓу членките на депозитарот задолжително се решаваат преку арбитража. Споровите меѓу членките и нивните клиенти по барање на клиентите се решаваат преку арбитража.

(3) Депозитарот може да подготви правила за арбитража во соработка со други депозитари и/или берзи и истите заеднички да ги применува.

(4) Комисијата дава одобрение на правилата за арбитража од ставот (3) на овој член.

**Дозвола за основање на депозитар**

Член 43

(1) Основачите на депозитарот кои бараат дозвола за основање депозитар за хартии од вредност до Комисијата поднесуваат:

а) писмено барање во форма и содржина утврдена од Комисијата;

б) копија од предлогот за правилата за работа, правилата за членство, правилата за однесување и дисциплина и правилата за арбитража;

в) предлог на статут и

г) деловен план за основање и работење на депозитарот кој вклучува и:

- доказ дека депозитарот има соодветна инфраструктура и компјутерски систем за водење на регистар на хартии од вредност на начин кој целосно го штити интересот на сопствениците на хартиите од вредност и издавачите,

- доказ дека депозитарот располага со опрема и капацитет за брзо и точно порамнување на трговските трансакции и вршење на нетрговски пренос и

- доказ дека депозитарот е соодветно кадровски, технолошки и организационо опремен за извршување на функциите на депозитар за хартии од вредност согласно со овој закон.

(2) Комисијата одлучува по барањето за издавање на дозвола за основање на депозитар во рок од 90 календарски дена по известувањето од страна на Комисијата до подносителот на барањето дека барањето е комплетирано. Комисијата го доставува известувањето за комплетирање на барањето до подносителот, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(3) Комисијата издава дозвола за основање депозитар ако утврди дека:

а) правилата за членство обезбедуваат отворен и еднаков пристап на сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност кои ги исполнуваат условите од правилата за членство;

б) правилата за работа овозможуваат висок степен на:

- ефикасно водење на регистар за хартии од вредност,
- непречено порамнување на трговските трансакции,
- отворен и еднаков третман на сите членки,
- чесност при деловното работење,
- заштита на доверливите информации и
- дистрибуција на потребните информации;

в) правилата за однесување и дисциплина обезбедуваат соодветно и правично спроведување на актите на депозитарот, овој закон и правилниците донесени врз основа на овој закон;

г) правилата за арбитража обезбедуваат ефикасно, правично и навремено решавање на спорови;

д) депозитарот е кадровски, технички и организационо оспособен за вршење на активности поврзани со неговото работење ;

ѓ) депозитарот има најмалку тројца вработени со дозвола за работа со хартии од вредност;

е) депозитарот има соодветен информативен, компјутерски и комуникациски систем за регистрирање на хартиите од вредност, порамнување на трговски трансакции и вршење на нетрговски пренос и

ж) депозитарот има организациони делови кои обезбедуваат ефикасно и единствено вршење на функции на депозитар.

(4) Комсијата донесува решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за основање депозитар доколку не се исполнети условите од ставот (3) на овој член.

(5) Комисијата задолжително ја објавува дозволата за основање на депозитар во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Комисијата.

(6) Комисијата го пропишува начинот и постапката за добивање дозвола за основање на депозитар.

### Одговорност на депозитар

Член 44

Депозитарот е одговорен за надомест на штетата која настанала поради неточност или губење на податоците поврзани со хартиите од вредност, несоодветното порамнување на трговските трансакции и вршење на нетрговски пренос и/или преку прекршување на правилата на депозитарот, особено ако штетата е резултат на небрежност на вработените, раководните лица или на директорите на депозитарот.

### Забранети дејствија

Член 45

(1) Депозитарот не смее да купи или на друг начин да стекне или поседува какви било хартии од вредност за сопствена сметка, доколку ги регистрира тие хартии од вредност во својот систем.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член депозитарот може да купи или на друг начин да стекне или поседува државни хартии од вредност и сопствени хартии од вредност.

(3) Вработените во депозитарот не можат да бидат членови на надзорен одбор, управен одбор и одбор на директори на акционер на депозитар или членка на депозитарот и не можат да вршат никакви услуги или други активности во нивно име, кои не спаѓаат во одговорности што ги имаат како вработени во депозитарот.

**Акти на депозитарот кои подлежат на согласност од Комисијата**

Член 46

(1) Депозитарот е должен да бара согласност од Комисијата за:

а) статутот и сите негови изменувања и дополнувања;

б) донесување на правилата за работа, правилата за членство, правилата за однесување и дисциплина и правилата за арбитража и сите нивни измени и дополнувања;

в) тарифата и сите нејзини измени и дополнувања и

г) донесување на акти за различни начини на поврзување или спојување со други депозитари.

(2) Заради заштита на инвеститорите или за обезбедување на чесно и правично регистрирање на хартиите од вредност, порамнување на трговските трансакции и вршење на нетрговски пренос, Комисијата може со решение да му наложи на депозитарот да изврши измени или да донесе нови акти со кои се уредува работењето на депозитарот.

**Именување на директор на депозитар**

Член 47

(1) Комисијата дава согласност за именување директор на депозитарот на барање на депозитарот.

(2) Со барањето за согласност за именување на директор на депозитарот се поднесуваат следниве документи:

а) кратка биографија на предложениот кандидат за директор;

б) одлука на надлежниот орган за именување на предложениот кандидат за директор;

в) уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;

г) примерок од дозволата за работа од Комисијата и

д) предлог на програма за деловна и развојна политика на депозитарот за следните две години.

(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаите кога ќе утврди дека на предложениот кандидат:

а) му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија;

б) му е изречена казна затвор, и тоа:

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години и

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и десет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над три години.

Во случај на бришење на осудата од точката б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик;

в) нема дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата;

г) е правосилно осуден за кривично дело предизвикување стечај на правно лице и

д) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Комисијата е должна да даде разумно писмено образложение во случај на недавање согласност за кандидатот предложен за директор на депозитар на хартии од вредност.

(5) Комисијата го пропишува начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар.

**Чување на податоци**

Член 48

(1) Депозитарот е должен да презема мерки за заштита на компјутерскиот систем и податоците содржани во него од неовластена употреба, промена и губење.

(2) Депозитарот ја чува на безбедно место оригиналната документација која се користи за запишување на медиумите за чување на податоци најмалку пет години.

(3) Податоците запишани на електронските медиуми се чуваат трајно.

(4) Депозитарот може да пропише подетални начини и техники за заштита на компјутерскиот систем и податоците содржани во него.

**2. Регистрирање на хартии од вредност**

**Регистрирање на хартии од вредност**

Член 49

(1) Сите хартии од вредност издадени во Република Македонија се регистрираат во депозитар како електронски запис.

(2) Хартиите од вредност во депозитарот гласат на име на сопственикот на хартијата од вредност.

(3) Издавачот е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот во рок од три работни дена од денот на уписот на основната главнина во трговскиот регистар.

(4) Хартиите од вредност издадени од еден издавач се регистрираат само во еден депозитар.

(5) Издавачот не може да располага со средствата депонирани на специјалната сметка до денот на регистрирање на хартиите од вредност во депозитарот.

(6) По исклучок на ставот (1) од овој член благајничките записи се регистрираат во Народната банка на Република Македонија.

**Точност на податоците во депозитар**

Член 50

(1) Издавачот е целосно одговорен за точноста на податоците за хартиите од вредност кои се доставуваат до депозитарот за регистрирање.

(2) Депозитарот е целосно одговорен за точноста на податоците за хартиите од вредност од моментот на нивното доставување до депозитарот за регистрирање.

**Елементи на електронскиот запис**

Член 51

Електронскиот запис ги содржи најмалку следниве елементи:

1) назив, седиште и единствен матичен број на издавачот (ЕМБС);

2) датум на издавање;

3) вид на хартијата од вредност (на пример акции, обврзници, државни записи);

4) род и класа на хартии од вредност (на пример приоритетни или обични акции);

5) идентитет на сопствениците на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот; за странски лица: име, државјанство и број на пасош; за сите правни лица: име, адреса и регистрирано седиште на тоа лице и единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) доделен од страна на Централниот регистар на Република Македонија;

6) количина на хартии од вредност на сопственикот;

7) номинална вредност на хартиите од вредност;

8) во случај на обврзници, сертификати за депозит, државни записи, благајнички записи и комерцијални записи:

а) висината на каматната стапка,

б) начинот на пресметување на каматата,

в) рокот на плаќање и

г) рокот на достасување;

9) во случај на приоритетни акции, првенство на остварување на право на:

а) дивиденди,

б) управување и/или

в) постапки за ликвидација и

10) датум на запишување на хартијата од вредност во депозитарот.

**Сметка на хартии од вредност**

Член 52

(1) Сопственикот на хартии од вредност има своја сметка на хартии од вредност во депозитарот.

(2) Сметката на хартии од вредност претставува збирна состојба на сите хартии од вредност во сопственост на секој одделен сопственик на хартии од вредност регистриран во депозитарот.

(3) Во депозитарот се отвораат сметки на хартии од вредност на кои се водат состојбите на хартиите од вредност на сопствениците, се извршуваат промени на правата на сопственост од хартиите од вредност и се запишуваат ограничувањата на правата на сопственост и промените на правата на сопственост на хартиите од вредност.

(4) Ограничувањата на правата на сопственост и промените на правата на сопственост на хартиите од вредност од ставот (3) на овој член, што се запишуваат во депозитарот, можат да произлезат единствено од актот на издавање, залог, правосилна судска одлука, акт на Комисијата за хартии од вредност и акт на Управата за јавни приходи.

(5) Секој сопственик на хартии од вредност не смее да има повеќе од една сметка на хартии од вредност кај еден ист депозитар.

(6) Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност имаат една сметка за сопствените хартии од вредност во еден депозитар и други сметки за извршување и порамнување на трансакциите на клиентите.

(7) Чувар на имот на пензиски и инвестициони фондови има една сметка за сопствените хартии од вредност во еден депозитар и други сметки за секој клиент за кој извршува функција чувар на имот.

**Содржина на сметката на хартии од вредност**

Член 53

Сметките на хартиите од вредност ги содржат следниве елементи:

а) вид на хартии од вредност;

б) издавач на хартии од вредност;

в) количината на хартиите од вредност;

г) опис на правата на сопственикот од секоја хартија од вредност;

д) идентитет на сопствениците на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот; за странски лица: име, државјанство и број на пасош; за сите правни лица: име, адреса и регистрирано седиште на тоа лице);

ѓ) ограничувања на правата на сопственост и промени на правата на сопственост на хартиите од вредност и

е) други податоци во врска со правата од хартиите од вредност.

**3. Нетрговски преноси**

**Дозволени нетрговски преноси**

Член 54

Сопственоста на хартии од вредност, освен преку трговските трансакции и примарниот пазар на хартии од вредност, може да се стекне или да се отуѓи и врз основа на:

1) договор за подарок;

2) договор за компензација;

3) реализација на договор за залог на хартии од вредност;

4) наследство и

5) судска одлука.

**Вршење на нетрговски преноси**

Член 55

(1) Нетрговските преноси на хартии од вредност се вршат со запишувања на сметките на хартиите од вредност во депозитарот.

(2) Депозитарот може подетално да го пропише вршењето на нетрговски преноси во своите правила за работа.

(3) Датумот на запишување на преносот на сопственост врз основа на нетрговски преноси не треба да биде подоцна од три работни дена од денот на доставувањето на потребната документација врз основа на овој закон и законите со кои се уредуваат прашањата од членот 54 на овој закон.

**Нетрговски преноси врз основа на подароци**

Член 56

Стекнувањето и отуѓувањето на правата на сопственост на хартија од вредност преку подарок се врши врз основа на договор за подарок заверен кај нотар и заверена потврда од Управата за јавни приходи како доказ за уплатен данок за подарок.

**Нетрговски пренос врз основа на договор за компензација**

Член 57

Стекнувањето и отуѓувањето на правата на сопственост за хартија од вредност преку компензација се врши врз основа на договор за компензација заверен кај нотар и соодветна документација за побарувања и обврски што се предмет на компензација.

**Нетрговски пренос врз основа на реализација на договор за залог на хартии од вредност**

Член 58

Нетрговскиот пренос преку реализација на договорот за залог се врши по претходно спроведена постапка за реализација на заложното право врз хартиите од вредност од страна на заложниот доверител согласно со Законот за договорен залог и врз основа на потврда за бришење на залогот издадена од страна на Централниот регистар на Република Македонија.

**Нетрговски пренос по пат на наследство**

Член 59

Стекнувањето и отуѓувањето на права на сопственост на хартија од вредност по пат на наследство се врши врз основа на правосилна судска одлука.

**Нетрговски пренос преку судка одлука**

Член 60

Стекнувањето и отуѓувањето на правата на сопственост на хартиите од вредност преку судска одлука се врши врз основа на поднесување на правосилна и извршна судска одлука до депозитарот.

**Чување и евидентирање на документацијата за вршење нетрговски пренос**

Член 61

(1) Документацијата за извршување на нетрговските преноси, депозитарот ја чува во период од пет години од денот на приемот.

(2) По извршувањето на нетрговскиот пренос, депозитарот ги евидентира информациите и доставената документација врз основа на која е извршен нетрговски пренос во соодветна електронска форма.

## 4. Порамнување на трговските трансакции

**Порамнување на трговските трансакции во депозитарот**

Член 62

(1) Порамнувањето на сите трговски трансакции со хартии од вредност се врши во депозитар.

(2) Депозитарот може да врши порамнување на трговски трансакции кои се склучени на овластени берзи и на пазари на краткорочни хартии од вредност регулирани од страна на Народната банка на Република Македонија.

(3) За порамнување на благајнички записи не важи одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) При порамнување на трговските трансакции, преносот на пари и преносот на хартии од вредност ќе се сметаат за конечни и неотповикливи.

**Принцип за порамнување “испорака наспроти плаќање”**

Член 63

Обврските за пренос на хартиите од вредност, настанати врз основа на трговските трансакции, се намируваат со истовремена промена на правото на сопственост на хартијата од вредност од сметката на продавачот на сметката на купувачот и уплата на паричниот износ за купените хартии од вредност, согласно со принципот “испорака наспроти плаќање”.

**Време на порамнување на трансакциите**

Член 64

Порамнувањето на трговските трансакции со хартии од вредност може да се врши веднаш, но не подоцна од три работни дена од денот на склучувањето на трансакцијата.

**Позајмување на хартии од вредност**

Член 65

(1) Депозитарот овозможува услови за позајмување на хартиите од вредност меѓу сопствениците на хартии од вредност по нивна претходна писмена согласност.

(2) Позајмувањето од ставот (1) на овој член може да се врши единствено со цел непречено порамнување на трговските трансакции.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за позајмување на хартии од вредност.

### Надзор врз порамнувањето на трговските трансакции

Член 66

Депозитарот врши надзор врз порамнувањето на трговските трансакции на неговите членки, со цел за откривање на евентуално непочитување на актите на депозитарот или други прекршоци од страна на членките на депозитарот.

## 5. Обврски на депозитарот за известување и информирање

### Известувања на сопствениците на хартии од вредност

Член 67

(1) Сопственикот на хартии од вредност регистриран во депозитарот, се известува за состојбата на неговата сметка на хартиите од вредност согласно со овој закон и со правилата за работа на депозитарот.

(2) Најдоцна до 31 јануари секоја година депозитарот на секој сопственик на сметка на хартии од вредност му доставува извод од состојбата на неговата сметка на хартии од вредност со состојба на 31 декември од претходната година.

(3) Доколку на сметката на сопственикот на хартии од вредност се изврши промена на сопственоста, депозитарот доставува извод од состојбата на неговата сметка во рок од пет работни дена од промената.

(4) На барање на физичко или правно лице сопственик на хартии од вредност, депозитарот му доставува извод за состојбата на неговата сметка на хартии од вредност најмногу еднаш месечно без надомест.

(5) Депозитарот е должен да издаде список на сите сопственици на хартии од вредност на издавачот на хартиите од вредност, по барање на државни органи и на служби овластени со закон.

(6) На првиот работен ден од секој месец депозитарот објавува на својата веб страница список на секое физичко и правно лице кое поседува над 5% од која било класа на хартии од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување.

### Пристап до податоците на депозитарот

Член 68

(1) Сопственик на хартија од вредност може да има пристап до списокот на физички и правни лица кои поседуваат акции кај издавачот на хартијата од вредност по претходно барање доставено до депозитарот и плаќање на потребниот надоместок утврден во тарифата на депозитарот.

(2) Податоците добиени согласно со овој член се користат исклучително за остварување на правата на акционерите.

(3) Сопственикот на хартиите од вредност кој стекнува податоци од ставот (1) на овој член не смее да ги пренесува и да ги прави достапни истите на други лица.

(4) Начинот на остварување на правото на пристап од ставот (1) на овој член се уредува со правилата за работа на депозитарот.

**Извештаи за работењето на депозитарот**

Член 69

(1) Депозитарот поднесува извештаи до Комисијата за новоиздадените хартии од вредност и вкупниот износ на извршен пренос на сопственоста на хартиите од вредност, како и за другите факти и околности значајни за функционирањето на пазарот на хартии од вредност.

(2) Депозитарот ја известува Комисијата во рок од пет работни дена по евидентирањето на преносот на хартиите од вредност со кој сопственикот на хартии од вредност стекнува вкупно повеќе од 5% на кој било род и класа на хартии од вредност издадени од страна на акционерското друштвото со посебни обврски за известување.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува содржината, начинот и роковите на поднесување на извештаите и известувањето од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Финансиски извештаи**

Член 70

(1) Депозитарот доставува годишен извештај до Комисијата најдоцна до 31 мај тековната година, за претходната година.

(2) Годишниот извештај на депозитарот содржи извештај за работа на депозитарот, финансиски извештаи со состојба на последниот ден од претходната година, подготвени согласно со меѓународните стандарди за финансиско известување и ревидирани од страна на овластен ревизор, согласно со меѓународните ревизорски стандарди.

(3) Доколку Комисијата оцени дека е потребна проверка на одделни елементи од годишниот извештај за работење на депозитарот, презема мерки на контрола над работењето на депозитарот и органите на управување на депозитарот.

(4) Депозитарот објавува резиме на неговите годишни ревизорски извештаи во “Службен весник на Република Македонија”.

(5) Депозитарот го објавува целиот извештај на својата веб страница.

(6) Комисијата поблиску ја пропишува содржината на резимето од ставот (4) на овој член.

**Програма за работа**

Член 71

Депозитарот ја доставува програмата за работа за тековната година до Комисијата во рок од седум календарски дена по донесувањето од страна на акционерското собрание.

## IV. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 1. Секундарно тргување со хартии од вредност

**Задолжително секундарно тргување на овластена берза**

Член 72

(1) Секундарно тргување со хартии од вредност се врши преку берза на хартии од вредност (во натамошниот текст: берза) овластена од страна на Комисијата.

(2) Купопродажните трансакции склучени спротивно на ставот (1) од овој член се ништовни.

(3) По исклучок на ставот (1) од овој член купувањето и продавањето на краткорочни хартии од вредност и на државни обврзници (освен обврзниците издадени за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните и обврзниците за денационализација) и реализација на репо-договори може да се врши и на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република Македонија во соработка со Министерството за финансии.

**Поим за берзанско работење**

Член 73

Берзата на хартии од вредност во рамките на своето работење обезбедува:

а) собирање на понуди за купување и продавање на хартии од вредност;

б) пазарно формирање на цените на хартиите од вредност со кои се тргува на берзата;

в) склучување на трговски трансакции со хартиите од вредност;

г) утврдување и известување за склучените трговски трансакции со хартии од вредност;

д) почитување на правилата и стандардите на берзата, овој закон и правилниците донесени врз основа на овој закон од страна на членките на берзата;

ѓ) заштита на интересите на инвеститорите во хартии од вредност;

е) прием на хартиите од вредност за тргување на берзата, вклучувајќи го котирањето на хартии од вредност и

ж) информирање на јавноста за прашањата значајни за работењето на берзата.

**Дозвола за основање на берза**

Член 74

(1) Активности што претставуваат берзанско работење согласно со членот 73 од овој закон не може да организира физичко или правно лице без да добие дозвола од Комисијата согласно со членот 86 од овој закон.

(2) Ниедно правно лице не може да се регистрира во трговскиот регистар под името “берза на хартии од вредност” и при неговото работење не може да го користи називот “берза на хартии од вредност”, освен ако не добило дозвола за основање берза на хартии од вредност од Комисијата.

(3) Берзата е должна во рок од пет работни дена од денот на уписот на измените во трговскиот регистар да достави до Комисијата податоци кои се однесуваат на уписот на промените во трговскиот регистар.

## Основање на берза

Член 75

(1) Берза се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија согласно со овој закон и со Законот за трговските друштва.

(2) Берза може да се основа од страна на домашни и странски, правни и физички лица.

(3) Берза мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од најмалку 500.000 евра во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, започнувајќи од датумот на стекнување на дозволата за основање на берза.

(4) Комисијата поблиску ја пропишува задолжителната структура и начинот на пресметка на основната главнина за берзата.

## Сопственост на акции во берза

Член 76

(1) Акционер, заедно со сите негови поврзани лица, не може да поседува повеќе од 10% од акциите со право на глас во берза.

(2) Акционер во берза може да ги продава своите акции на кое било правно или физичко лице.

(3) Доколку некој од акционерите на берзата, заедно со поврзаните лица, се стекне со повеке од 10% од акциите со право на глас на берзата е должен во рок од една година да го отуѓи изностот на акции што ги поседува над дозволениот процент. За време на поседување на износот на акции над дозволениот процент, акциите се без право на глас.

(4) При одржување на акционерско собрание, процентот на акции со право на глас кои произлегуваат од сите издадени акции на берзата се намалува сразмерно со количината на акции стекнати над дозволениот процент од ставот (1) на овој член, така што при остварувањето на правото на глас акционерот од ставот (1) на овој член се смета дека поседува 10 % од акциите со право на глас.

(5) Влогот во акционерскиот капитал на берзата може да им се врати на акционерите во берзата на пропорционална основа само во случај на траен престанок на работата на берзата, по претходно намирување на сите обврски на берзата.

(6) Членка на берзата не мора задолжително да биде акционер на берзата.

## Органи на управување на берзата

Член 77

(1) Член на одборот на директори или надзорниот одбор и управниот одбор на берзата, може да биде лице со искуство од најмалку три години во областа на финансиите и деловното право, а не смее да биде лице кое е:

а) осудено со казна затвор во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години;

б) осудено со казна затвор во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и десет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над три години и

в) на кое му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност додека трае мерката.

Во случај на бришење на осудата од точките а) и б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

(2) Во случај на берза со двостепен систем на управување, најмалку една третина од членовите на управниот одбор и надзорниот одбор се лица кои не се вработени во берзата или поврзани со кој било акционер, членка на берзата или правно лице овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

(3) Во случај на берза со едностепен систем на управување, најмалку една третина од членовите на одборот на директори се лица кои не се вработени во берзата или поврзани со кој било акционер, членка на берзата или правно лице овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

## Содржина на статутот на берзата

Член 78

Со статутот на берзата, покрај прашањата утврдени во Законот за трговските друштва, се уредуваат и:

а) условите за стекнување членство на берзата и правата и обврските на членките на берзата;

б) условите, критериумите и документацијата за прием на одделни членки во берзата и нивните права и обврски;

в) причините заради кои на одделни членки во берзата им се забранува работење на берзата;

г) основните принципи на работење на берзата;

д) начинот на вршење на надзорот што го спроведува самата берза врз своето работење и врз своите членки;

ѓ) начинот на решавање на споровите меѓу членките на берзата и меѓу членките и клиентите;

е) начинот на спречување на злоупотреби на информациите кои не се достапни за сите членки на берзата;

ж) начинот на организирање на информативниот систем и

з) други прашања значајни за работата на берзата.

## Членки на берза

Член 79

(1) Само овластени учесници на пазарот на хартии од вредност кои се регистрирани во трговскиот регистар можат да бидат членки на берза.

(2) Берзата донесува правила за членство со кои поблиску се утврдуваат условите за членство, обврските и правата на членките на берзата.

(3) Берзата е должна на секој овластен учесник на пазарот на хартии од вредност од ставот (1) на овој член да му дозволи да стане членка на берзата доколку ги исполнува условите утврдени во нејзините правила за членство.

(4) Со правилата за членство на берзата се пропишува дека членката на берзата мора да:

а) има дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата;

б) биде соодветно организационо и технички опремена;

в) биде членка на овластен депозитар за хартии од вредност и

г) исполнува и други критериуми пропишани од Комисијата и од берзата.

(5) Правно лице кое сака да стане членка на берзата ја поднесува следнава документација:

а) писмено барање во форма и содржина пропишана од берзата;

б) примерок од статутот;

в) примерок од дозволата за работа со хартии од вредност и

г) дополнителни информации коишто може да ги бара берзата согласно со правилата за членство.

(6) Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност чие барање за членство е одбиено има право на жалба до Комисијата во рок од 15 календарски дена од приемот на одлуката.

(7) Сите членки на берзата се должни да ги почитуваат актите на берзата.

## Котација на хартии од вредност

Член 80

(1) Одлука за котација на хартиите од вредност на берза донесува органот на управување на издавачот на хартии од вредност.

(2) Котацијата на хартиите од вредност на берза се врши по барање на издавачот на хартии од вредност поднесено во писмена форма.

(3) Општ услов за котација на хартиите од вредност на берза е тие да бидат целосно уплатени и неограничено преносливи.

(4) Условите, постапката и начинот на котирање на хартии од вредност на берза поблиску се уредуваат со правилата за котација донесени од берза.

(5) Правилата за котација задолжително утврдуваат услови за обелоденување на информации и известување од страна на издавачот чии хартии од вредност котираат на берза. Овие услови не можат да бидат помалку детални или строги од условите за обелоденување на информации и известување на акционерските друштва со посебни обврски за известување согласно со овој закон.

(6) Хартиите од вредност одобрени за котација на берзата ги содржат сите елементи утврдени со закон, како и во актот за нивно издавање.

(7) Берзата води регистар за секој издавач во кој се евидентираат и чуваат сите релевантни податоци и документи за издавачот чии хартии од вредност котираат на берзата.

(8) Издавачот чии хартии од вредност котираат на берзата е должен да ги почитува правилата за котација на берзата.

(9) Исклучување од котација на хартиите од вредност на берза по барање на издавачот на хартии од вредност се врши единствено врз основа на донесена одлука на собранието на акционери на издавачот.

## Тргување со хартии од вредност

Член 81

(1) Берзата на хартии од вредност донесува правила за тргување со кои поблиску се уредува:

а) начинот и постапката на тргување со хартиите од вредност на берзата;

б) начинот и постапката на утврдување на трговските трансакции со хартии од вредност склучени на берзата и преносот на информациите потребни за непречено извршување на порамнувањето на берзанските трансакции;

в) начинот и постапката во случаи кога берзата привремено или трајно го прекинува тргувањето со определена хартија од вредност заради спречување на манипулативни дејствија и

г) други прашања значајни за работата на берзата.

(2) Со правилата за тргување на берзата се уредува постапката за утврдување на склучените трансакции со хартии од вредност и пренос на сите информации до депозитарот на хартии од вредност на начин кој овозможува непречено порамнување на сите берзански трансакции најдоцна три работни дена по датумот на склучување на трансакцијата.

(3) Дозволени методи за организирање на берза се:

а) централизирано тргување преку физичко присуство или преку електронски систем, каде што сите членки на берзата поднесуваат налози за купување и продавање на хартии од вредност за своја сметка и/или за сметка на нивните клиенти и склучуваат берзански трансакции и

б) тргување меѓу брокерските куќи кои тргуваат исклучиво за сопствена сметка и кои го централизираат тргувањето преку физичко присуство или електронско тргување.

(4) Комисијата пропишува дополнителни услови во врска со дозволените методи за тргување со хартии од вредност утврдени во ставот (3) од овој член.

## Саморегулирачка организација

Член 82

(1) Берзата функционира како саморегулирачка организација и донесува правила за однесување и дисциплина, со кои поблиску се уредува спроведувањето на сите акти на берзата, овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон и другите закони.

(2) Правилата за однесување и дисциплина на берзата му даваат овластување на директорот на берзата да презема мерки и/или привремено или трајно да го укине правото на член на берза да работи на берзата доколку тој не ги почитува актите на берзата или не ги исполнува обврските кои произлегуваат од склучените трансакции.

(3) Член на берзата има право на приговор до Комисијата во рок од 15 календарски дена од приемот на:

а) дисциплинска одлука донесена од страна на директорот на берза до управниот одбор или одборот на директори на берзата и

б) дисциплинска одлука донесена од страна на управниот одбор или одборот на директори на берза.

### Решавање на спорови меѓу членките

Член 83

(1) Берзата донесува правила за арбитража, со цел разрешување на споровите меѓу членките, членките и нивните клиенти на правичен, ефикасен и чесен начин.

(2) Споровите меѓу членките на берзата задолжително се решаваат преку арбитража. Споровите меѓу членките и нивните клиенти по барање на клиентите се решаваат преку арбитража.

(3) Берзата може да подготви правила за арбитража во соработка со други берзи и/или депозитари и истите заеднички да ги применува.

(4) Комисијата дава одобрение на правилата за арбитража од ставот (3) на овој член.

### Податоци, водење евиденција и информатички систем

Член 84

(1) Берзата организира соодветен информатички систем преку кој редовно ја известува јавноста за:

а) називот на издавачот и видот на хартии од вредност со кои се тргува на берзата;

б) цената на последната трансакција, највисоката цена, најниската цена и просечната цена на секоја истргувана хартија од вредност;

в) количината и вредноста на хартиите од вредност со кои се тргува на берзата и

г) други информации од значење за работењето на берзата.

(2) Берзата презема мерки за заштита на информатичкиот систем и податоците содржани во него од неовластена употреба, промена и губење на податоците.

(3) Берзата ја чува на сигурно место оригиналната документација најмалку пет години.

(4) Оригиналната документација во врска со тргувањето се запишува на електронски медиуми.

(5) Податоците запишани на електронските медиуми се чуваат трајно.

(6) Комисијата поблиску го пропишува начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на берзата.

### Барање дозвола за основање берза

Член 85

(1) Лицата кои бараат дозвола за основање берза за хартии од вредност поднесуваат:

а) писмено барање во форма и содржина утврдена од Комисијата;

б) предлог на статут;

в) предлог на правила за членство;

г) предлог на правила за тргување;

д) предлог на правила за котација;

ѓ) предлог на правила за однесување и дисциплина;

е) предлог на правила за арбитража и

ж) деловен план за основање и работење на берзата.

(2) Комисијата ги пропишува дополнителните податоци што се поднесуваат со барањето за дозвола за основање на берза, како и за постапката на донесување на одлука во врска со барањето.

## Одобрување и одбивање на барањето за дозвола за основање берза

Член 86

(1) Комисијата одлучува по барањето за издавање дозвола за основање берза во рок од 90 календарски дена по известувањето од страна на Комисијата до подносителот на барањето дека барањето е комплетирано. Комисијата го доставува известувањето за комплетирање на барањето до подносителот, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(2) Комисијата го одобрува барањето за основање берза ако утврди дека:

а) правилата за членство обезбедуваат отворен и еднаков пристап на сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност кои ги исполнуваат условите од правилата за членство;

б) правилата за тргување обезбедуваат висок степен на:

- непречено склучување и утврдување на трговските трансакции со хартии од вредност,
- отворен и еднаков третман на сите членки,
- чесност во деловното работење,
- заштита на доверливите информации за клиентите,
- транспарентност на тргувањето и
- дистрибуција на информациите пред и по тргувањето;

в) правилата за котација обезбедуваат целосно и правично обелоденување на податоците за работењето на котираните издавачи на хартии од вредност;

г) правилата за однесување и дисциплина обезбедуваат соодветно и правично спроведување на актите на берзата, овој закон и правилниците донесени врз основа на овој закон;

д) правилата за арбитража обезбедуваат ефикасно, правично и навремено решавање на спорови;

ѓ) берзата е кадровски, технички и организационо оспособена за вршење на активности што претставуваат берзанско работење;

е) берзата има најмалку тројца вработени со дозвола за работа од Комисијата;

ж) берзата има соодветен информативен и компјутерски систем за склучување и утврдување на трговските трансакции и

з) берзата има организациони делови кои обезбедуваат ефикасно и единствено вршење на работите на берзата.

(3) Комисијата донесува решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за берза доколку не се исполнети условите од ставот (2) на овој член.

(4) Комисијата ја објавува дозволата за основање берза во “Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Комисијата.

### Забранети дејствија

Член 87

(1) Берза не може да купува или на друг начин да стекнува или поседува какви било хартии од вредност за сопствена сметка преку трговска трансакција која се врши на таа берза.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член берзата може да купува или на друг начин да стекнува или поседува државни хартии од вредност и сопствени акции.

(3) Вработените во берзата не можат да бидат членови на надзорен одбор и управен одбор или одбор на директори на акционер на берза или членка на берзата и не можат да вршат услуги или други активности во нивно име, кои не спаѓаат во одговорности што ги имаат како вработени во берзата.

### Акти кои подлежат на одобрување од Комисијата

Член 88

(1) Берзата е должна од Комисијата да бара согласност за:

а) статутот и сите негови изменувања и дополнувања;

б) правилата за членство, правилата за тргување, правилата за котација, правилата за арбитража, правилата за однесување и дисциплина и сите нивни измени и дополнувања;

в) сите акти поврзани со надоместоците кои се наплатуваат за реализација на трансакциите на берзата и сите нивни измени и дополнувања и

г) различните форми за поврзување и спојување со други берзи.

(2) Заради заштита на инвеститорите или за обезбедување на чесно и правично тргување со хартии од вредност, Комисијата може со решение да и наложи на берзата да изврши измени или да донесе нови акти со кои се уредува работењето на берзата.

### Согласност за именување директор на берзата

Член 89

(1) Комисијата дава согласност за именување директор на берзата на барање на берзата.

(2) Со барањето за согласност за именување на директор на берзата се поднесуваат следниве документи:

а) кратка биографија на предложениот кандидат за директор;

б) одлука на надлежниот орган за именување на предложениот кандидат за директор;

в) уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;

г) примерок од дозволата за работа од Комисијата и

д) предлог на програма за деловна и развојна политика на берзата за следните две години.

(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаи кога утврдува дека на предложениот кандидат:

а) му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност;

б) му е изречена казна затвор, и тоа:

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години и

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и десет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над три години.

Во случај на бришење на осудата од точката б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик;

в) нема дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата;

г) доколку е правосилно осуден за кривично дело предизвикување стечај на правно лице и

д) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Комисијата е должна да даде разумно писмено образложение во случај на одбивање на предложениот кандидат за директор на берза на хартии од вредност.

(5) Комисијата го пропишува начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на берза.

**Надзор над работата на берзата**

Член 90

(1) Комисијата врши надзор над работата на берзата и на нејзините членки.

(2) Комисијата е надлежна да врши надзор над издавањето, понудата, продажбата, котирањето и тргувањето со хартии од вредност на издавачи кои се котирани на берзата.

(3) Комисијата врши надзор преку увид во периодичните и годишните извештаи за работа, како и преку увид во деловните книги и друга документација на берзата и нејзините членки.

(4) За вршење на надзорната функција, Комисијата особено врши одделен увид во документацијата поврзана со:

а) законитоста на активностите поврзани со тргување со хартии од вредност;

б) исполнувањето на обврските на издавачот пропишани со закон и со актот за издавање;

в) примената на законите и други прописи кои се однесуваат на работењето со хартии од вредност од страна на берзата и нејзините членки, како и примената на Статутот и другите акти на берзата врз основа на кои е добиена дозволата за основање на берза;

г) тргувањето со хартии од вредност на берзата согласно со пропишаниот начин и услови за тргување;

д) контролата на финансиската состојба на членките на берзата и

ѓ) условите и начинот на работа на берзата направен со цел да им помогне на членките при исполнување на нивните обврски за утврдување и порамнување на трансакциите.

**Извештаи за работењето на берзата**

Член 91

(1) Берзата доставува дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата.

(2) Комисијата ги пропишува задолжителната содржина и роковите за поднесување на извештаите од ставот (1) на овој член.

### Годишен извештај за работењето на берзата

Член 92

(1) Берзата доставува годишен извештај за своето работење до Комисијата, најдоцна до 31 мај во тековната година, за претходната година.

(2) Годишниот извештај на берзата содржи извештај за работа на берзата, финансиските извештаи со состојба на последниот ден од претходната година, подготвени согласно со меѓународните стандарди за финансиско известување и ревидирани од страна на овластен ревизор, согласно со меѓународните ревизорски стандарди.

(3) Доколку Комисијата оцени дека е потребна проверка на одделни елементи од годишниот извештај за работењето на берзата, презема мерки на контрола над работењето на берзата и надлежните органи на управување на берзата.

(4) Берзата објавува резиме на своите годишни ревизорски извештаи во “Службен весник на Република Македонија”.

(5) Берзата го објавува целиот годишен извештај на својата веб страница.

(6) Комисијата ја пропишува содржината на резимето од ставот (4) на овој член.

### Програма за работење

Член 93

Берзата ја доставува програмата за работа за тековната година до Комисијата во рок од седум календарски дена по нејзиното донесување од страна на акционерското собрание.

## V. ОВЛАСТЕНИ УЧЕСНИЦИ НА ПАЗАРОТ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 1. Услуги со хартии од вредност

### Видови на услуги со хартии од вредност

Член 94

Услуги со хартии од вредност според овој закон се:

а) купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;

б) купување и продавање на хартии од вредност во свое име и за своја сметка;

в) управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент;

г) вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;

д) вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;

ѓ) дејствување како покровител при котација;

е) инвестиционо советување и

ж) извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва.

**Правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност**

Член 95

(1) Услугите од членот 94 на овој закон ги вршат:

а) брокерска куќа со дозвола за работење добиена од Комисијата (во натамошниот текст: брокерска куќа);

б) овластена банка согласно со Законот за банките, со дозвола за работење добиена од Комисијата и

в) подружница на странска брокерска куќа која има добиено дозвола за работење од Комисијата.

(2) Одредбите од оваа глава кои се однесуваат на брокерските куќи се однесуваат и на банките, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

(3) Банката ги врши услугите со хартии од вредност одвоено од другите финансиски услуги во зависност од структурата и организацијата.

**Забрана за вршење на услуги со хартии од вредност**

Член 96

Услуги со хартии од вредност можат да вршат само правните лица од членот 95 став (1) на овој закон.

**2. Основање и организација на брокерска куќа**

**Задолжително поседување на дозвола за работење**

Член 97

Физичко или правно лице не може да врши услуги со хартии од вредност без дозвола за работење од Комисијата.

**Основање на брокерска куќа**

Член 98

(1) Брокерска куќа се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, согласно со овој закон и со Законот за трговските друштва.

(2) Брокерска куќа се основа од најмалку две физички или правни домашни или странски лица, освен во случаите кога основач е банка или осигурително друштво.

(3) Брокерска куќа треба да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер или дозвола за работење на инвестиционен советник издадена од Комисијата.

(4) Комисијата ја пропишува задолжителната структура и начинот на пресметка на основната главнина за брокерската куќа.

## Основна главнина на брокерска куќа

Член 99

Брокерска куќа мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од:

- 75.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнување на дозволата за работа, доколку е регистрирано за вршење на услугите од членот 94 точки а), ѓ) и е) на овој закон,

- 150.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнувањето на дозволата за работа за вршење на услугите од членот 94 точки а), в), ѓ) и е) на овој закон и

- 500.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнувањето на дозволата за работа за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.

## Управување со ризици

Член 100

(1) Брокерската куќа е должна во секое време да располага со ликвидни средства пропишани од страна на Комисијата во зависност од обемот и видот на услугите кои ги врши во врска со хартии од вредност и ризиците на кои е изложена при вршењето на тие услуги.

(2) Заради намалување на ризикот, брокерската куќа е должна во работењето да не ги надминува коефициентите на изложеност пропишани од страна на Комисијата.

(3) Брокерската куќа е должна навремено да ги исполнува пристигнатите обврски и постојано да ја одржува способноста за исполнување на своите обврски.

(4) Комисијата подетално ги пропишува износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контрола на ликвидните средстава на брокерката куќа.

## Согласност за именување директор на брокерска куќа

Член 101

(1) Комисијата дава согласност за именување директор на брокерската куќа.

(2) Со барањето за согласност за именување на директор на брокерска куќа, се поднесуваат следниве документи:

а) кратка биографија на предложениот кандидат за директор;

б) одлука на надлежниот орган за именување на предложениот кандидат за директор;

в) уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;

г) примерок од дозволата за работа од Комисијата и

д) предлог на програма за деловна и развојна политика на брокерската куќа за следните две години.

(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаите кога ќе утврди дека на предложениот кандидат:

а) му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност;

б) му е изречена казна затвор, и тоа:

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години и

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и десет години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над три години.

Во случај на бришење на осудата од точката б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик;

в) доколку е правосилно осуден за кривично дело предизвикување на стечај на правно лице и

г) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) од овој член.

(4) Комисијата е должна да даде разумно писмено образложение во случај на не давање согласност за кандидатот предложен за директор на брокерската куќа.

(5) Комисијата поблиску го пропишува начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на брокерската куќа.

## Подружница на странска брокерска куќа

### Член 102

(1) Странска брокерска куќа која е овластена да ги врши сите или некои од услугите со хартиите од вредност во која било од земјите членки на Организацијата за економска соработка и развој, може да ги врши истите услуги на територијата на Република Македонија преку своја подружница која има дозвола за работење добиена од Комисијата.

(2) Странската брокерска куќа од ставот (1) на овој член со барањето за издавање на дозвола за работење ги поднесува и следниве документи:

а) оригинал и превод на оригиналот на дозволата за вршење услуги со хартии од вредност од матичната држава и доказ за упис во трговскиот регистар или во друг регистар во согласност со законите на матичната држава;

б) оригинал и превод на оригиналот од документот со кој регулаторот на пазарот на хартии од вредност во матичната држава одобрува основање подружница на брокерската куќа во Република Македонија и

в) ревидирани финансиски извештаи за последните три години.

(3) Одредбите од овој закон важат и за подружница на странска брокерска куќа, освен барањата за минимална основна главнина утврдена во членот 99 од овој закон доколку:

а) подружницата на странската брокерска куќа ги исполнува капиталните барања и ограничувања за изложеност утврдени од регулаторот на хартии од вредност од матичната земја и

б) странската брокерска куќа, истовремено, ги доставува до Комисијата сите информации и податоци кои ги поднесува и до регулаторот на пазарот на хартии од вредност на матичната држава во врска со задоволувањето на капиталните барања и ограничувања за изложеност.

**Забрана за делење на добивка**

Член 103

Брокерската куќа не смее да врши распределба на добивка како дивиденда, ако поради таквата распределба се оневозможува одржувањето на основната главнина согласно со членот 99 од овој закон.

**Сопственост на акции со брокерска куќа**

Член 104

(1) Правно или физичко лице, вклучувајќи ги и поврзаните лица, може да биде акционер само во една брокерска куќа.

(2) Брокерската куќа е должна да ја информира Комисијата за секоја промена во сопственичката структура во рок од осум календарски дена од денот на настанувањето на промената.

(3) Банка може да поседува акции само во една брокерска куќа.

**Вработени и членови на органите на управување**

Член 105

(1) Физичко лице не може да биде вработено или да биде член на надзорен одбор, управен одбор или на одборот на директори во повеќе од една брокерска куќа.

(2) Членовите на надзорен одбор, управен одбор или на одборот на директори задолжително се со високо образование и со искуство од најмалку три години во областа на економијата, финансиите и деловното право, за управување со работењето на брокерска куќа.

**Барање за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа**

Член 106

(1) Брокерската куќа не може да се запише во трговскиот регистар пред да добие дозвола за работење од Комисијата.

(2) Кон барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа, се приложува:

а) предлог на статут;

б) опис на услугите кои ќе ги врши брокерската куќа;

в) податоци за основачите вклучувајќи и податоци за нивната сопственост во капиталот на други правни лица;

г) доказ за висината на основната главнина согласно со членот 99 на овој закон;

д) документација што ја утврдува Комисијата од која може да се види дека друштвото е кадровски, технички и организационо оспособено да ги врши услугите за кои се основа;

ѓ) дозволи за работење издадени од соодветни институции во случај кога основач на брокерската куќа е банка или осигурително друштво;

е) податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи и правилата на саморегулирачките организации, актите на брокерската куќа во работењето на брокерската куќа и

ж) деловен план за основање и работење на брокерска куќа.

(3) Комисијата ги пропишува дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа.

**Одобрување на барањето за дозвола за работење на брокерска куќа**

Член 107

(1) Комисијата донесува одлука за давање на дозвола за работење на брокерска куќа во рок од 90 дена по известувањето од страна на Комисијата до подносителот на барањето дека барањето е комплетирано. Комисијата го доставува известувањето за комплетирање на барањето до подносителот, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(2) Во решението за давање дозвола за работење на брокерска куќа Комисијата точно наведува за кои услуги предвидени во членот 94 од овој закон се однесува дозволата.

(3) Решението за давање на дозвола за работење на брокерска куќа Комисијата го објавува во “Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Комисијата во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението.

(4) Комисијата води регистар на брокерски куќи и нивните експозитури.

(5) Формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на брокерските куќи и нивните експозитури ги пропишува Комисијата.

(6) Брокерската куќа е должна да започне со работа во рок од шест месеца по добивањето на дозволата за работа од Комисијата.

**Експозитура на брокерска куќа**

Член 108

(1) Брокерска куќа може да отвори експозитура на територијата на Република Македонија.

(2) Експозитурата на брокерската куќа од ставот (1) на овој член мора да има најмалку еден вработен кој има дозвола за работа со хартии од вредност, освен во случаите кога во експозитурата се вршат технички и помошни работи.

(3) Брокерската куќа е должна да ја информира Комисијата пред отворање или затворање на својата експозитура.

**Членство во саморегулирачка организација**

Член 109

(1) Брокерската куќа мора да биде членка на најмалку една саморегулирачка организација од членовите 30 и 82 на овој закон, со дозвола од Комисијата.

(2) Брокерската куќа ја известува Комисијата за своето членство или истапување од членство во саморегулирачка организација во рок од осум дена.

### Барање за поништување на дозволата за работење на брокерската куќа

Член 110

Комисијата може да ја поништи дозволата за работење на брокерската куќа по барање на самата брокерска куќа само ако таа ги има намирено сите свои обврски кон клиентите.

### Спојување на брокерски куќи

Член 111

Во случај кога една брокерска куќа се спојува со друга брокерска куќа, новосоздадената брокерска куќа поднесува барање за дозвола за работење до Комисијата.

### Овластени брокери

Член 112

(1) Услугите поврзани со извршувањето на налозите на клиентите, информирањето на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност кое не претставува инвестиционо советување во брокерска куќа можат да ги вршат само овластени брокери (во натамошниот текст: брокери).

(2) Брокерот треба да биде полнолетен и да има положено стручен испит за работење со хартии од вредност.

(3) Брокерот мора да има диплома за завршено најмалку четиригодишно средно образование.

(4) Брокерот не треба да биде осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за работење на брокер.

(5) Брокерот не смее да биде осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(6) Комисијата ги пропишува начинот и условите за полагање на испитот од ставот (2) на овој член.

### Барање на дозвола за работење на брокер

Член 113

(1) Барањето на дозвола за работење на брокер може да го поднесе физичко лице кое ги исполнува условите од членот 112 на овој закон.

(2) Комисијата донесува одлука за барањето од ставот (1) на овој член во рок од 90 дена од денот кога го известил подносителот дека барањето е комплетирано. Комисијата го доставува известувањето за комплетирање на барањето до подносителот, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(3) Комисијата дава дозвола за работење на брокер по утврдување дека се исполнети условите од членот 112 на овој закон.

(4) Комисијата води регистар за сите брокери кој е достапен за јавноста.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот за брокери ги пропишува Комисијата.

(6) Дозволата за работење на брокер има важност од пет години.

**Обновување на дозвола за работење на брокер**

Член 114

(1) Брокерот е должен да ја обновува својата дозвола секоја петта година.

(2) Брокерот во рок од три месеца пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член поднесува барање до Комисијата за обновување на својата дозвола за работење.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член ги содржи документите утврдени во членот 112 од овој закон.

(4) Обврската од ставот (1) на овој член се однесува на лицата вработени како брокери во овластените учесници на пазарот на хартии од вредност.

(5) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за обновување на дозволата за работење на брокер.

**Обврски на брокерот**

Член 115

(1) Во текот на својата работа брокерот треба:

а) строго да се придржува кон инструкциите дадени од клиентот;

б) да работи совесно и професионално имајќи ги предвид инвестиционите цели и финансиската состојба на клиентот и

в) да ги почитува актите на саморегулирачката организација каде што членува.

(2) Брокерот не смее непотребно да одложи извршување на налог на клиентот, доколку условите на пазарот на хартии од вредност дозволуваат негово извршување.

**3. Работење на брокерските куќи**

**Објавување на услугите и тарифник**

Член 116

(1) Брокерската куќа е должна, во сите простории каде што работи со клиенти да овозможи увид во општите услови за работење и во тарифникот на услугите со хартиите од вредност. Општите услови за работење на брокерската куќа најмалку содржат податоци за:

а) заемните права и обврски на брокерската куќа и клиентот;

б) ризиците поврзани со определени трансакции на хартии од вредност;

в) членството на брокерската куќа во саморегулирачка организација и

г) начин на решавање на спорови меѓу брокерската куќа и клиентите.

(2) Пред брокерската куќа да го прифати првиот налог од клиентот за купување или продавање на хартии од вредност, односно пред да склучи договор со клиентот за вршење услуги со хартии од вредност, брокерската куќа е должна да му врачи на клиентот копија од општите услови за работење.

## Заштита на интересот на клиентот

Член 117

(1) При вршење на услуги со хартии од вредност за клиентот, брокерската куќа е должна да го заштити интересот на клиентот.

(2) Брокерската куќа е должна веднаш да го извести клиентот за сите околности од значење за одлучување на клиентот во врска со налогот за купување или продавање на хартии од вредност и/или други услуги кои треба да ги изврши, како и за ризиците во врска со вложувањето во хартии од вредност.

(3) Брокерската куќа е должна да се обиде да ги добие сите потребни информации од клиентите во врска со нивното искуство во вложување во хартии од вредност и нивните финансиски можности и цели значајни за заштита на нивните интереси.

## Судир на интереси

Член 118

(1) Брокерската куќа е должна да ги извести клиентите за сите можни судири на интереси меѓу клиентите, брокерската куќа и/или другите клиенти во брокерската куќа.

(2) Брокерската куќа е должна да работи на начин со кој ќе се минимизира можноста за судир на интереси меѓу клиентите, брокерската куќа и/или лицата вработени во брокерската куќа.

## Налог од клиентот

Член 119

(1) Налог е еднострана инструкција на клиентот кој може да биде даден усно, писмено или во електронска форма, а со кој на брокерската куќа и се наложува да изврши определена трансакција со хартии од вредност за сметка на клиентот.

(2) Начинот на кој клиентот го дава налогот на брокерската куќа се уредува со договор меѓу брокерската куќа и клиентот.

## Прифаќање на налог

Член 120

(1) Со упис на налогот од членот 119 став (1) на овој закон во книгата на налози на брокерската куќа се смета дека брокерската куќа го прифатила налогот.

(2) Комисијата поблиску го пропишува начинот на потврдување на прифаќањето на налогот од ставот (1) на овој член.

## Водење на книга на налози

Член 121

(1) Брокерската куќа е должна да води книга на налози во електронска форма во која се евидентираат сите купопродажни трансакции, односно купопродажните трансакции извршени во име и за сметка на клиентот, купопродажните трансакции кои брокерската куќа ги врши во свое име и за своја сметка и купопродажните трансакции извршени врз основа на договор за управување со портфолио на хартии од вредност.

(2) Забрането е какво било подоцнежно преправање на податоците кои се внесени во книгата на налози.

(3) Книгата на налози се чува трајно.

(4) Комисијата поблиску ги пропишува начинот и содржината на водење на книгата на налози.

**Извршување на налог од клиент**

Член 122

(1) Брокерската куќа е должна да го изврши налогот на клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартиите од вредност дозволуваат негово извршување.

(2) Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

(3) Налозите на клиентите мора да бидат понудени на берза каде што се нудат и други налози за купување и продавање на хартии од вредност.

(4) Брокерската куќа не смее да купува и/или продава хартии од вредност за своја сметка или за сметка на лице вработено во брокерската куќа, ако со ваквото купување или продавање би се оневозможило извршување на налог на клиент за купување и/или продавање или ако поради тоа тој налог би можел да се реализира по понеповолни услови за клиентот.

**Парични средства на клиентот**

Член 123

(1) Паричните средства на клиентот дадени на брокерската куќа за купување на хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност на клиентот, брокерската куќа ги чува на посебна сметка отворена за таа намена.

(2) Брокерската куќа ги уплаќа паричните средства добиени од продажба на хартиите од вредност, исклучително во име и за сметка на клиентот во рок од еден работен ден по приемот на паричните средствата од продажбата, освен ако поинаку не е договорено.

(3) Паричните средства на посебната сметка од ставот (1) на овој член можат да се употребат само во согласност со инструкциите на клиентот.

(4) Брокерска куќа не смее да врши плаќања поврзани со склучените трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка од паричните средства на клиентите.

(5) Брокерската куќа не смее да ги користи паричните средства на еден клиент за сметка на кој било друг клиент.

(6) Паричните средства на клиентите не влегуваат во имотот на брокерската куќа во случај на стечај или ликвидација и не можат да се користат за намирување на обврските на брокерската куќа.

**Известување на клиентот за трансакциите со хартии од вредност**

Член 124

(1) Брокерската куќа е должна да му достави на клиентот извештај за склучување и порамнување на секоја трансакција со хартии од вредност во рок од два дена по денот на порамнувањето. Брокерската куќа мора да поседува доказ за уредна достава на извештајот.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи податоци за:

а) називот на издавачот на хартиите од вредност со кои е тргувано;

б) видот, родот и класата на хартиите од вредност со кои е тргувано;

в) видот на налогот - куповен или продажен;

г) количината на хартиите од вредност со кои е тргувано;

д) цената по која хартиите од вредност се купени, односно продадени;

ѓ) надоместокот за извршената трансакција;

е) датумот на приемот на налогот за тргување и

ж) датумот на порамнување на трансакцијата.

**Чување на податоци**

Член 125

(1) Брокерската куќа е должна да води евиденција и да ги чува сите документи кои во секое време овозможуваат потврдување дека одредена трансакција е извршена во свое име и за своја сметка или за сметка на клиентот.

(2) Комисијата го пропишува начинот и содржината на чување на податоците од ставот (1) на овој член.

**Договор со клиент**

Член 126

(1) Пред прифаќање на налогот за купување или продавање на хартии од вредност, брокерската куќа е должна да склучи договор со клиентот во писмена форма.

(2) Брокерскиот договор ги содржи најмалку следниве елементи:

а) општите услови за работење на брокерската куќа и

б) изјава на клиентот дека е запознат со општите услови за работење пред склучување на договорот и дека имал можност да се запознае со содржината на договорот.

(3) Освен ако поинаку не е уредено со овој закон, за регулирање на односите меѓу брокерската куќа и клиентите се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(4) Брокерскиот договор не смее да содржи одредби:

а) со кои клиентот се одрекува од кои било права кои произлегуваат од овој закон или од правилниците донесени врз основа на овој закон;

б) кои го ограничуваат правото на судска заштита во случај на спор со брокерската куќа и

в) кои предвидуваат друг надомест освен надоместокот за извршување на трговските трансакции, во случај кога постигнатата цена по која е извршен налогот е поповолна за клиентот отколку цената содржана во налогот на клиентот.

**Водење на сметководствена евиденција**

Член 127

Брокерска куќа води сметководствена евиденција во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување и законите на Република Македонија.

## Реклама на брокерски друштва

Член 128

(1) Само брокерска куќа има право да објавува реклами во сите медиуми со понуда за вршење на услуги со хартии од вредност или понуда за купување и продавање на хартии од вредност.

(2) Објавувањето на реклама чија содржина на инвеститорите може погрешно да им ги претстави правата и ризиците од хартиите од вредност е во спротивност со одредбите од овој закон.

(3) Брокерската куќа е должна да го достави до Комисијата текстот на кој било предлог на реклама пред тој да биде објавена. Доколку по пет работни дена по поднесувањето на текстот на рекламата до Комисијата, не го забрани неговото објавување, брокерската куќа може да го објави огласот. На брокерската куќа паѓа товарот на докажување дека Комисијата го примила текстот на предлогот на рекламата.

## Договор за портфолио менаџмент

Член 129

(1) Договор за портфолио менаџмент е договор со кој брокерската куќа, односно друштво за инвестиционо советување се обврзува, во согласност со политиката за вложување содржана во договорот, во име и за сметка на клиентот, да ги вложува неговите парични средства во хартии од вредност, а со цел распределување на ризикот, за што клиентот е согласен да плати надоместок.

(2) Договорот за портфолио менаџмент се склучува во писмена форма и мора да го утврди износот на паричните средства што клиентот и ги доверува на брокерската куќа, односно друштвото за инвестиционо советување, политиката на вложување на клиентот, висината на надоместокот и начинот на пресметување на истиот.

## Одговорност на брокерската куќа

Член 130

Брокерската куќа е одговорна за штетата која е предизвикана на клиентот со сторување или несторување на дејствија од страна на брокерот или инвестиционият советник вработен во брокерската куќа.

## Известување на Комисијата

Член 131

(1) Секој петнаесетти во месецот брокерската куќа до Комисијата доставува месечен извештај, потпишан од директорот на брокерската куќа, кој вклучува и пресметка на основната главнина, правни промени и промени во сопственичката структура. Во прилог на месечниот извештај се доставува и изјава потпишана од директорот на друштвото дека во извештајниот период во секое време основната главнина на брокерската куќа била во согласност со членот 99 на овој закон и со правилниците донесени врз основа на овој закон.

(2) Брокерската куќа е должна веднаш да ја извести Комисијата доколку не е во можност навремено да ги исплати пристигнатите обврски кон клиентите.

(3) Брокерската куќа ја известува Комисијата за кои било промени на податоците кои биле наведени во барањето на дозвола за работење во рок од осум дена од настанувањето на промените.

(4) Брокерската куќа доставува годишен извештај за своето работење на Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година, за претходната година.

(5) Годишниот извештај на брокерската куќа ги содржи финансиските извештаи со состојба на последниот ден од претходната година, потврдени согласно со меѓународните стандарди за финансиското известување и ревидирани од страна на овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди.

(6) Подружница на странска брокерска куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија доставува годишен извештај за работењето на странската брокерска куќа до Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година, за претходната година.

(7) Подружница на странска брокерската куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија веднаш ја известува Комисијата за губење на дозволата за вршење услуги со хартии од вредност во матичната земја на странската брокерска куќа.

(8) Комисијата ја пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член.

## 4. Престанок на брокерска куќа

### 4.1. Постапка за ликвидација

#### Услови за отворање на ликвидација

Член 132

(1) Комисијата ќе донесе решение за исполнување на условите за отворање на ликвидација доколку:

а) Собранието на акционери донесе одлука за престанок на брокерска куќа;

б) трајно е одземена дозволата за вршење на сите работи во врска со хартиите од вредност за кои има добиено дозвола и

в) брокерска куќа не започнала со работа во рок од шест месеца по добивањето на дозволата за работа од Комисијата.

(2) Комисијата решението ќе го донесе во рок од осум работни дена, сметано од:

а) денот на приемот на известувањето од страна на органот на управување за одлуката на собранието на акционери за престанок на брокерска куќа;

б) денот на донесување на решението за одземање на дозволата и

в) истекот на предвидениот рок за започнување со работа на брокерска куќа.

(3) Комисијата до надлежниот суд поднесува предлог за отворање на ликвидација кон кој го приложува решението за исполнување на условите за отворање на ликвидација.

#### Постапка на ликвидација пред судот

Член 133

(1) За отворање и спроведување на ликвидација е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на брокерската куќа.

(2) Органи на надлежниот суд кои ја спроведуваат ликвидацијата се ликвидациониот совет и ликвидаторот. Судот го определува ликвидациониот совет кој е составен од тројца судии.

(3) Ликвидациониот совет ќе донесе решение за отворање на ликвидација во рок од осум работни дена од денот на приемот на предлогот за отворање на ликвидација, без одржување на рочиште.

(4) Против решението брокерската куќа има право на жалба во рок од осум работни дена од денот на приемот на истото. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Именување на ликвидатор**

Член 134

(1) Со решението за отворање на ликвидација, ликвидациониот совет го именува ликвидаторот на брокерската куќа на предлог на Комисијата.

(2) Решението за отворање на ликвидација особено ќе содржи податоци за:

- фирмата, седиштето, адресата, бројот на сметката и единствениот матичен број на брокерската куќа (ЕМБС),
- презимето, името и адресата на ликвидаторот и
- денот на отворањето на ликвидацијата.

(3) Со решението за отворање на ликвидација се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања до ликвидаторот во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на објавувањето на последниот оглас за отворање на ликвидација.

(4) Списокот на побарувања на доверителите и редоследот на нивно намирување го составува ликвидаторот.

(5) Со решението за отворање на ликвидација, се повикуваат должниците на брокерската куќа да ги исполнат своите обврски и ликвидациониот совет ќе определи отворањето на ликвидацијата на брокерската куќа да се запише во трговскиот регистар.

**Содржина на огласот за отворање на ликвидација**

Член 135

(1) За отворањето на ликвидација на брокерска куќа доверителите и должниците се известуваат со оглас.

(2) Огласот се објавува на огласната табла на надлежниот суд, како и во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку еден дневен весник, во период од пет работни дена последователно. Огласот се истакнува на огласната табла на надлежниот суд на денот на донесувањето на решението за отворање на ликвидација и на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Огласот за отворање на ликвидација содржи:

1) назив на судот што го донел решението за отворање на ликвидација;

2) извод од решението за отворање на ликвидација;

3) фирма, седиште, број на сметка и единствен матичен број на брокерската куќа (ЕМБС);

4) име и адреса на ликвидаторот;

5) повик до доверителите на брокерската куќа да ги пријават своите побарувања;

6) повик до должниците на брокерската куќа своите обврски да ги намират без одлагање;

7) денот на истакнувањето на огласот на огласната табла на надлежниот суд и

8) денот на одржување на рочиштето на кое ќе се испитуваат побарувањата на доверителите кои го пријавиле своето побарување.

**Доставување на решението за ликвидација**

Член 136

(1) Решението за отворање на ликвидација се доставува до Комисијата, брокерската куќа, банките и носителот на платниот промет кај кои брокерска куќа има сметка и до Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Централниот регистар на Република Македонија е должен по службена должност, врз основа на доставеното решение за отворање на ликвидација, да го забележи отворањето на ликвидација.

(3) Решението за отворање на ликвидација се објавува со истакнување на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

**Правни последици од спроведување на ликвидација**

Член 137

(1) Правни последици од спроведувањето на ликвидација настануваат со денот на објавувањето на огласот за отворање на ликвидациона постапка на огласна табла на судот и на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Со денот на настапување на правните последици од спроведување на ликвидацијата престануваат сите права и обврски на членовите на органот на управување и надзорниот орган на брокерската куќа, како и правата на собранието на акционери.

(3) Со денот на настапување на правните последици од спроведување на ликвидацијата, ликвидаторот на брокерската куќа не може да склучува нови договори со клиентите.

**Биланси за почеток на ликвидација**

Член 138

(1) Ликвидаторот изготвува биланси за почеток на ликвидација со состојба која опфаќа 30 дена пред денот на отворањето на ликвидацијата, како и извештај со кој се појаснуваат ставките од билансите за ликвидација.

(2) Ликвидаторот е должен билансите за ликвидација, како и извештајот, да го достави до надлежниот суд и до Комисијата во рок од 15 работни дена од денот на отворањето на ликвидацијата.

**Права и должности на ликвидаторот**

Член 139

(1) Ликвидаторот ги има правата и должностите на органот на управување на брокерска куќа. Ликвидаторот ја застапува брокерската куќа.

(2) Ликвидаторот се потпишува така што кон фирмата го додава суфиксот "во ликвидација".

(3) Ликвидаторот е должен да ги наплати побарувањата на брокерската куќа, да го впаричи останатиот имот и да ги намири обврските спрема доверителите.

**Распределба на средствата од ликвидационата маса**

Член 140

(1) По впаричување на имотот ликвидаторот го известува ликвидациониот совет со предлог за распределба на ликвидационата маса. Ликвидациониот совет врз основа на предлогот на ликвидаторот донесува решение за распределба на ликвидационата маса на доверителите чие побарување е утврдено.

(2) Со решението имотот, што преостанува по намирување на обврските спрема доверителите, се распределува меѓу акционерите на брокерската куќа. Имотот се распределува според односот на номиналните износи на акциите, ако во статутот поинаку не е определено.

(3) Ликвидаторот е должен на секои три месеца до Комисијата да доставува извештаи за спроведување на ликвидацијата.

**Решение за заклучување на ликвидационата постапка**

Член 141

(1) По преземањето на сите дејствија во ликвидационата постапка, ликвидаторот е должен до судот да поднесе предлог за заклучување на ликвидационата постапка.

(2) Заедно со предлогот за заклучување на ликвидацијата, ликвидаторот поднесува почетен ликвидационен биланс, одобрените годишни сметки и извештаи, како и планот за распределба и намирување на побарувањата на доверителите.

(3) Ликвидациониот совет донесува решение за заклучување на ликвидационата постапка. Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

(4) Решението за заклучување на ликвидациона постапка се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Решението за заклучување на ликвидационата постапка на брокерска куќа се доставува до Комисијата, ликвидаторот, банките и носителот на платниот промет кај кои брокерската куќа има сметка и до Централниот регистар на Република Македонија кој го води трговскиот регистар.

(6) Централниот регистар на Република Македонија кој го води трговскиот регистар е должен по службена должност веднаш по приемот на решението за заклучување на ликвидацијата да изврши бришење на брокерската куќа од трговскиот регистар.

**Предлог за запирање на ликвидацијата заради исполнување на услови за отворање на стечајна постапка**

Член 142

Во случај ликвидаторот при спроведување на ликвидацијата да утврди дека:

а) средствата на брокерската куќа не се доволни за намирување на сите побарувања на доверителите или

б) ако средствата на брокерската куќа не може да се впаричат за намирување на побарувањата на доверителите, истиот е должен веднаш за тоа да ја извести Комисијата и да поднесе предлог за запирање на отворената ликвидација и предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд.

## 4.2. Стечајна постапка над брокерска куќа

### Причини за отворање на стечајна постапка

Член 143

Стечајна постапка над брокерска куќа може да се отвори, ако:

1) Комисијата при вршење на надзорот констатира дека финансиската состојба на брокерската куќа не се подобрила;

2) при спроведување на надзорот, се утврди дека средствата на брокерската куќа не се доволни за намирување на сите побарувања на доверителите и

3) брокерската куќа не е во состојба да ги намири пристигнатите обврски во рок од 45 календарски дена од денот на пристигнувањето, како и во случај на нејзина презадолженост.

### Предлог за отворање на стечајна постапка

Член 144

(1) Предлог за отворање на стечајна постапка може да поднесе Комисијата, доверителите, брокерската куќа, како и ликвидаторот.

(2) Во случај предлогот за отворање на стечајна постапка да е поднесен од Комисијата, решение за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка донесува Комисијата.

(3) Комисијата ќе поднесе предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд првиот работен ден по донесувањето на решението за исполнување на услови за отворање на стечајна постапка. Кон предлогот се приложува решението за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка.

(4) Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка го поднеле доверителите или брокерската куќа, судот доставува примерок од поднесениот предлог и сите други решенија донесени во стечајната постапка до Комисијата.

### Отворање на стечајна постапка

Член 145

(1) Во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од Комисијата, надлежниот суд донесува решение за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од осум дена по приемот на решението за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка без спроведување на претходна постапка.

(2) Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверител надлежниот суд ќе донесе решение за претходна постапка за испитување на условите за отво-

рање на стечајна постапка, со тоа што пред донесувањето на одлуката за отворање на стечајна постапка ќе побара изјаснување од Комисијата.

(3) Одлуката за отворање на стечајна постапка на брокерска куќа судот ја доставува и на Комисијата.

### Примена на одредбите од Законот за стечај

Член 146

(1) Во стечајна постапка над брокерска куќа се применуваат одредбите од Законот за стечај освен одредбите кои се однесуваат на планот за реорганизација, личното управување, ослободувањето од другите обврски, посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец, стечајни постапки со странски елементи, одбор на доверители и собранието на доверителите.

(2) Сите одлуки кои согласно со Законот за стечај ги донесува одборот на доверители и собранието на доверители, а во врска со продажбата на имотот и вопаричување на стечајната маса се одобруваат од стечаен судија.

### Издвојување од имотот на брокерска куќа

Член 147

(1) Во имотот на брокерска куќа не влегуваат финансиските средства на клиентите дадени на брокерска куќа за купување на хартии од вредност од страна на клиентот или финансиски средства добиени од продажба на хартиите од вредност кои се чувале на посебни сметки отворени кај овластени институции.

(2) Со настанување на правните последици од отворање на стечајната постапка стечајниот управник е должен да ги затвори овие сметки кај овластените институции и финансиските средства кои се наоѓаат на нив да им ги врати на клиентите.

## 5. Основање и работење на друштва за инвестиционо советување и инвестициони советници

### Друштво за инвестиционо советување

Член 148

(1) Услуги на инвестиционо советување може да врши друштво за инвестиционо советување, ако има вработено најмалку едно лице со дозвола за работење на инвестиционен советник.

(2) Услугите што ги врши друштвото од ставот (1) на овој член се управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.

(3) Друштвото за инвестиционо советување мора да има дозвола за работење од Комисијата.

(4) Друштвото за инвестиционо советување не може да се запише во трговскиот регистар пред да добие дозвола за работа од Комисијата.

(5) Комисијата ја пропишува документацијата која се поднесува со барањето за добивање на дозвола за работење на друштво за инвестиционо советување.

(6) Комисијата донесува одлука за давање на дозвола за работење на друштво за инвестиционо советување во рок од 90 календарски дена по известувањето од страна на Комисијата до подносителот на барањето дека барањето е комплетирано. Комисијата го доставува известувањето за комплетирање на барањето до подносителот, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(7) Решението за давање на дозвола за работење на друштво за инвестиционо советување Комисијата го објавува во "Службен весник на Република Македонија" во рок од осум работни дена од денот на донесувањето на решението.

(8) Комисијата води регистар на друштва за инвестиционо советување.

(9) Комисијата ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на друштвата за инвестиционо советување.

## Основна главнина и ликвидни средства на друштвото за инвестиционо советување

Член 149

(1) Друштвото за инвестиционо советување мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од 10.000 евра во денарска противвредност, пресметана по среден курс на Народната банка на Република Македонија започнувајќи од денот на добивањето на дозволата од страна на Комисијата.

(2) Комисијата ја пропишува задолжителната структура и начинот на пресметка и основната главнина на друштвото за инвестиционо советување.

(3) Друштвото за инвестиционо советување е должно во секое време да располага со ликвидни средства пропишани од Комисијата, во зависност од обемот и видот на услугите кои ги врши во врска со хартии од вредност и ризиците на кои е изложено при вршењето на тие услуги.

(4) Комисијата подетално ги пропишува износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контролата на ликвидните средства на друштвото за инвестиционо советување.

## Инвестиционен советник

Член 150

(1) Услуги поврзани со инвестиционо советување на клиенти може да вршат само овластни инвестициони советници (во натамошниот текст: инвестициони советници).

(2) Инвестиционииот советник треба да има положен стручен испит за инвестиционо советување што го организира Комисијата.

(3) Инвстициониот советник не треба да биде осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за инвестиционен советник.

(4) Инвестициониот советник не смее да биде осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(5) Комисијата ги пропишува начинот и условите за полагање на испитот од ставот (2) на овој член.

**Барање на дозвола за работење на инвестиционен советник и водење на регистар**

Член 151

(1) Барање за дозвола за работење на инвестиционен советник може да поднесе физичко лице кое ги исполнува условите од членот 150 на овој закон.

(2) Комисијата донесува одлука за барањето од ставот (1) на овој член во рок од 60 календарски дена од денот кога го известил подносителот дека барањето е комплетирано.

(3) Комисијата издава дозвола за работење на инвестиционен советник по утврдување дека се исполнети условите од членот 150 на овој закон.

(4) Комисијата води регистар за сите инвестициони советници кој е достапен за јавноста.

(5) Комисијта ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот за инвестициони советници.

**Обновување на дозвола за работа на инвестиционен советник**

Член 152

(1) Инвестициониот советник е должен да ја обновува дозволата за работа секоја петта година.

(2) Инвестициониот советник во рок од три месеца пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член поднесува барање до Комисијата за обновување на својата дозвола за работење.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член ги содржи документите утврдени во членот 151 од овој закон.

(4) Обврската од ставот (1) на овој член се однесува на лицата вработени како инвестициони советници во овластените учесници на пазарот за хартии од вредност.

(5) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник.

## VI. АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ, ДИРЕКТОРИТЕ И АКЦИОНЕРИТЕ

### 1. Акционерско друштво со посебни обврски за известување

**Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување**

Член 153

(1) Комисијата води Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување (во натамошниот текст: Регистар). Акционерското друштво се запишува во Регистарот доколку ги исполнува условите за акционерско друштво со посебни обврски за известување.

(2) Акционерското друштво со посебни обврски за известување (во натамошниот текст на оваа глава: акционерско друштво) се брише од Регистарот во рок од седум работни дена од поднесување на барање од страна на акционерското друштво за негово бришење од

Регистарот и потврда од овластен депозитар за неисполнување на условите за запишување во Регистарот.

(3) Комисијата писмено го известува акционерското друштво за неговото запишување, односно бришење од Регистарот во рок од седум работни дена.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на акционерските друштва со посебни обврски за известување ги пропишува Комисијата.

### Годишни извештаи

Член 154

(1) Акционерското друштво е должно до Комисијата да достави ревидиран годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето во рок од четири месеца по завршувањето на секоја календарска година.

(2) Годишниот извештај содржи:

а) финансиски извештаи подготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со мислењето на овластен ревизор подготвено во согласност со меѓународните ревизорски стандарди;

б) анализа и образложение на деловните резултати и програма за развој на акционерското друштво;

в) податоци за членовите на управниот, надзорниот одбор, односно за членовите на одборот на директори, како и податоци за нивно процентуално учество во основната главнина на тоа акционерско друштво;

г) податоци за физички и/или правни лица кои поседуваат повеќе од 5% од акциите со право на глас во акционерското друштво;

д) податоци за сите договори за наградување на членовите на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, односно лицата со посебни одговорности и овластувања;

ѓ) податоци за трансакциите меѓу акционерското друштво со поврзаните лица;

е) политика на распределба на дивиденда на акционерското друштво;

ж) податоци за стекнување на сопствени акции од страна на акционерското друштво и

з) податоци за какви било значајни промени што биле содржани во проспектот, доколку акционерското друштво издало проспект во текот на последните 12 месеца.

(3) Комисијата ги чува сите годишни извештаи на акционерските друштва поднесени во согласност со овој член најмалку три години од денот на доставување.

### Објавување на резиме од годишниот извештај

Член 155

(1) Секое акционерско друштво е должно да објави резиме на ревидиран годишен извештај, заедно со мислењето на овластениот ревизор во најмалку еден дневен весник во Република Македонија, во рок од 15 календарски дена од доставувањето на ревидираниот годишен извештај до Комисијата.

(2) Во резимето од ставот (1) на овој член се наведува дека финансискиот извештај во целост е достапен во седиштето на акционерското друштво и во просториите на Комисијата.

## Полугодишни извештаи

Член 156

Акционерското друштво е должно до Комисијата да достави полугодишен извештај за првите шест месеца од календарската година во рок од 45 календарски дена по завршувањето на шестмесечјето. Полугодишниот извештај содржи:

а) подетално образложение за работењето на акционерското друштво со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај и

б) неревидирани финансиски извештаи, подготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување.

## Тримесечни финансиски извештаи

Член 157

(1) Акционерското друштво е должно до Комисијата да доставува тримесечни финансиски извештаи за првото и третото тримесечје од календарската година, во рок од 30 календарски дена по завршувањето на тримесечјето.

(2) Тримесечниот извештај од ставот (1) на овој член најмалку содржи:

а) консолидирани нумерички податоци во табеларна форма за вкупниот приход и остварената добивка или загуба пред и после оданочувањето за соодветното тримесечје и

б) подетално образложение за работењето на акционерското друштво и добивката или загубата за соодветното тримесечје.

(3) Акционерското друштво може да одлучи во извештаите од ставот (1) на овој член да даде процена за идното работење на акционерското друштво и неговите поврзани лица најмалку за периодот до крајот на календарската година, вклучувајќи ги и значајните непредвидливи околности и ризици кои можат да влијаат на работењето на акционерското друштво.

## Тековни соопштенија и материјали за акционерски собранија

Член 158

(1) Акционерското друштво е должно до Комисијата да ги достави извештаите подготвени од страна на извршните членови на одборот на директори или управниот одбор доколку:

а) акционерското друштво има загуба поголема од 30% од активата на друштвото;

б) основната главнина се намали под големината утврдена во статутот на друштвото или

в) постојат други посебни извештаи за работењето на друштвото или за некои посебни аспекти на неговото работење.

(2) Извештаите од ставот (1) на овој член се поднесуваат до Комисијата во рок од пет работни дена по нивното изготвување.

(3) Доколку акционерското друштво располага со ценовно чувствителни информации кои не се објавени во јавноста, истото има обврска веднаш да ја извести Комисијата и во најкраток можен рок да објави јавно соопштение (во натамошниот текст: тековен извештај) најмалку во еден дневен весник во Република Македонија, но не подоцна од десет календарски дена од денот на стекнувањето на ценовно чувствителната информација.

(4) Во согласност со ставот (3) од овој член, акционерското друштво веднаш го објавува настанувањето на следниве околности:

а) стекнување или отуѓување на значаен дел од средствата на акционерското друштво;

б) промена на овластен ревизор;

в) оставка и разрешување на членовите од органите на управување;

г) склучување или раскинување на договор или друга правна работа која влијае врз промената на основната дејност на акционерското друштво;

д) секој настан кој може да предизвика ненавремено или предвремено плаќање на финансиските обврски на акционерското друштво;

ѓ) отворање на стечај или ликвидација на акционерското друштво;

е) неисполнување на обврски врз основа на издадени обврзници од страна на акционерското друштвото;

ж) сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво и

з) сите промени на правата што ги носат акциите од ист род .

(5) Акционерското друштво во најкус можен рок и доставува на Комисијата копии од сите материјали што им се доставени на акционерите при свикувањето на седниците на собранијата на акционери.

**Забрана за нецелосно обелоденување на податоци**

Член 159

Доколку акционерското друштво или лице кое го претставува истото достави податоци во врска со друштвото или неговите хартии од вредност на брокерска куќа или вработен во брокерска куќа, инвестиционен фонд или вработен во инвестиционен фонд, пензиски фонд или вработен во пензиски фонд или друштво за управување со фондови или вработен во друштво за управување со фондови, акционерското друштво мора да направи истовремено обелоденување и во јавноста во случај кога податоците се доставени со намера и да ги обелодени во јавноста во најкраток можен рок во случај кога податоците се доставени ненамерно.

**Дистрибуција на извештаите**

Член 160

(1) Акционерското друштво е должно да достави примерок од својот годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај до Комисијата.

(2) Акционерското друштво обезбедува примерок од своите годишни, полугодишни, тримесечни и тековни извештаии на секој акционер на негово барање, при што не може да наплатува надомест за печатење или копирање на извештаите.

(3) Акционерското друштво обезбедува примерок од своите годишни, полугодишни, тримесечни и тековни извештаи на секое заинтересирано лице на негово барање, при што може да наплатува надомест најмногу во висина на трошоците за печатење или копирање на извештаите.

(4) Акционерското друштво обезбедува електронски примерок од своите годишни, полугодишни, тримесечни и тековни извештаии на овластената берза на која се котираат неговите хартии од вредност.

**Необјавување на ценовно чувствителни информации**

Член 161

Акционерското друштво може да побара од Комисијата да биде ослободено од обврската за обелоденување на одредени информации во годишниот, полугодишниот и тековниот извештај или на друг начин уреден во оваа глава доколку јавното објавување би предизвикало сериозно загрозување на значајни деловни интереси на акционерското друштво или би било спротивно на јавниот интерес и акционерското друштво е во можност да ја гарантира доверливоста на таквите информации.

**Непримена на обврските за известување во случај на стечај или ликвидација**

Член 162

За акционерско друштво за кое е отворен стечај или ликвидација не се применуваат одредбите од членовите 154 до 160 на овој закон.

**Престанок на обврската за известување**

Член 163

Обврската на акционерските друштва за известување во согласност со членовите од 154 до 160 на овој закон престанува на денот на бришењето на акционерското друштво од Регистарот на Комисијата.

**Одговорност за точноста на податоците во извештаите**

Член 164

Извештаите од членовите 154, 155, 156, 157 и 158 на овој закон се потпишани од претседателот на одборот на директори, претседателот на управниот одбор и директорот на акционерското друштво, при што имињата и функциите на овие лица треба да бидат прецизно и јасно напишани. Овие лица потврдуваат дека податоците содржани во извештаите ја одразуваат фактичката состојба во акционерското друштво и дека во извештаите нема недостатоци што можат да влијаат на нивната важност.

**2. Обврски за известување на членовите на органите на управување и директорите**

**Извештаи за сопственост**

Член 165

(1) Во рок од 15 работни дена од денот на назначувањето за член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво лицето, кое е назначено за член, е должно да ја извести Комисијата и акционерското друштво за количината на хартиите од вредност издадени од акционерското друштво кои се во негова сопственост (во натамошниот текст: првичен извештај за сопственост).

(2) Член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво е должен да ја извести Комисијата во рок од пет работни дена од денот на порамнувањето на трговската трансакција и извршувањето на нетрговскиот пренос со хартии од вредност издадени од акционерското друштво во чии органи на управување тој е член (во натамошниот текст: извештај за промена на сопственост).

(3) Обврските од ставовите (1) и (2) на овој член се однесуваат и на директор и на лица со посебни одговорности и овластувања во акционерското друштво.

## 3. Обврски за известување на одредени акционери

### Извештаи за сопственоста

Член 166

(1) Правно или физичко лице кое, заедно со неговите поврзани лица, ќе купи или на друг начин ќе стекне хартии од вредност издадени од акционерското друштво, во количина со која тоа лице, заедно со неговите поврзани лица, директно или индиректно поседува повеќе од 5% од кој било род на хартии од вредност издадени од акционерското друштво е должен да доставува извештај до Комисијата и до акционерското друштво со кој ја обелоденува сопственоста на хартиите од вредност (во натамошниот текст: првичен извештај за сопственост на акционер) во рок од пет работни дена од денот на порамнувањето на трговската трансакција или извршувањето на нетрговскиот пренос на хартиите од вредност.

(2) Правно или физичко лице кое, заедно со неговите поврзани лица, директно или индиректно поседува повеќе од 5% од кој било род на хартии од вредност издадени од акционерското друштво е должно да доставува извештај до Комисијата и до акционерското друштво за секоја наредна порамнета трговска трансакција или извршен нетрговски пренос со хартии од вредност издадени од тоа акционерско друштво во рок од пет работни дена од денот на запишувањето на трговската трансакција и нетрговскиот пренос на хартиите од вредност (во натамошниот текст: извештај за промена на сопственост на акционер).

(3) Доколку акционер во акционерското друштво ги продаде или на друг начин ги отуѓи хартиите од вредност по што, заедно со неговите поврзани лица, повеќе не поседува повеќе од 5% од кој било род на хартии од вредност издадени од акционерското друштво, акционерот доставува извештај за промена на сопственоста (во натамошниот текст: конечен извештај за промена на сопственоста на акционерот), по што за него престануваат да важат обврските од ставот (2) на овој член.

(4) Во смисла на ставот (1) од овој член, физичко или правно лице се смета за акционер во акционерско друштво, доколку хартиите од вредност се:

а) во сопственост на физичкото или правното лице;

б) во сопственост на поврзано лице со физичкото или правното лице и

в) расположливи за купување од страна на лицата утврдени во алинеите а) и б) на овој став преку договор за опција.

(5) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи:

а) полно име, ЕМБГ или ЕМБС и адреса на лицето кое стекнало или отуѓило хартии од вредност;

б) правната основа за стекнувањето или отуѓувањето на хартиите од вредност;

в) количината на стекнати, односно отуѓени хартии од вредност и

г) датумот на кој стекнувањето, односно отуѓувањето е извршено.

(6) Правното или физичкото лице од ставовите (1), (2) и (3) на овој член кое не ги почитува обврските за известување од овој член го губи правото на глас од хартиите од вредност сî додека официјално не ги достави потребните извештаи до Комисијата.

**Подзаконски акти**

Член 167

Комисијата подетално ги пропишува :

а) начинот и времето на запишување и бришење на акционерското друштво од Регистарот, содржината и начинот на водење на Регистарот, начинот на ажурирање на податоци во Регистарот и пристапот на јавноста до Регистарот;

б) формата и содржината на годишните извештаи, резимето од годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи;

в) времето и начинот на обелоденување на информациите согласно со членовите 158 и 159 од овој закон;

г) содржината, начинот и роковите за барањето за изземање од обврската за известување на јавноста согласно со членот 160 од овој закон и

д) формата и содржината на извештаите од членовите 165 и 166 на овој закон.

VII. ЗАБРАНЕТИ ДЕЈСТВИЈА ВО РАБОТЕЊЕТО
СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Неовластена понуда на хартии од вредност**

Член 168

Понуда на хартии од вредност спротивна на одредбите од овој закон се смета за ништовна.

**Забранети дејствија при понуда на хартии од вредност**

Член 169

При понуда на хартии од вредност се забранува во Проспектот:

а) да се внесат ценовно чувствителни информации кои се невистинити или

б) да не се внесат значајни податоци или ценовно чувствителни податоци со што инвеститорите можат да се доведат во заблуда.

**Ценовна манипулација**

Член 170

(1) Се забранува овластен учесник на пазарот за хартии од вредност или друго физичко или правно лице да создаде лажна претстава за определена хартија од вредност на пазарот со:

а) склучување на купопродажна трансакција со хартии од вредност при што нема промена на сопственикот и

б) издавање налог за купување или продавање на хартии од вредност со претходно знаење дека истоветен налог е даден или ќе биде даден за купување или продавање на истата хартија од вредност од друго лице по приближно иста цена, со цел создавање фиктивна цена на хартиите од вредност или создавање привид на активно тргување со хартијата од вредност.

(2) Трговска трансакција со хартии од вредност склучена од овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или друго физичко или правно лице е во спротивност со одредбите од овој закон ако единствено има за цел:

а) да ја зголеми цената на хартиите од вредност и да ги наведе инвеститорите да ја купуваат таа хартија од вредност;

б) да ја намали цената на хартиите од вредност и да ги наведе инвеститорите да ги продаваат своите хартии од вредност и

в) да се предизвика привид на активно тргување со хартии од вредност за да се наведат другите инвеститори да купуваат/продаваат хартии од вредност.

**Ширење неточни информации**

Член 171

(1) Се забранува ширење на неточни информации или информации кои доведуваат до заблуда преку медиумите вклучувајќи го и интернетот или на друг начин, а кои влијаат на обемот на тргување или цената на хартијата од вредност, при што правното или физичкото лице од кое потекнала информацијата знаело или требало да знае дека информацијата е неточна, односно дека доведува до заблуда.

(2) Доколку новинар, вршејќи ја својата професија даде неточна информација или информација која може да доведе до заблуда истиот е одговорен согласно со овој закон доколку остварил директна или индиректна корист од објавувањето на таа информација.

**Забрана за користење на манипулативни и измамнички дејствија**

Член 172

Се забранува овластен учесник на пазарот за хартии од вредност или друго правно или физичко лице, при купување или продавање на хартии од вредност:

а) да се служи со методи и механизми со цел вршење на измамнички дејствија;

б) да дава невистинити ценовно чувствителни информации или да пропушти да даде ценовно чувствителни информации кои со оглед на околностите можат да предизвикаат заблуда и

в) да се вклучи во активност која има или би имала за цел измама на некое лице или негово доведување во заблуда.

**Внатрешни информации**

Член 173

(1) Лица, акционери, членови на управен одбор, надзорен одбор и членови на одборот на директори, вработени или надворешни соработници кои при извршување на професионалните задачи имаат пристап до внатрешни информации, не смеат да купуваат или про-

даваат хартии од вредност  или на друг начин да остварат материјална добивка врз основа на внатрешни информации.

(2) Лицата  од ставот (1) на овој член освен во случаите утврдени со закон, не смеат да ги обелоденуваат  внатрешните информации на трети лица  или врз основа на внатрешните информации да им препорачуваат на трети лица купување или продавање хартии од вредност на кои се однесуваат внатрешните  информации.

(3) Правно или физичко лице кое знае дека  информацијата што ја примило од ставот (1) на овој член е внатрешна информација, не смее да купува или продава хартии од вредност или на друг начин да се стекнува со имотна корист врз основа на внатрешната информација.

(4)  Одредбите од овој член нема да се применуваат за трговските трансакции што значат исполнување на договорни  обврски за купување или продавање на хартии од вредност, што настанале како резултат на договор склучен пред правното или физичкото лице да ја дознае внатрешната информација.

(5) Комисијата поблиску го пропишува начинот на спречување на злоупотреба на внатрешните информации.

## Известување за трансакции склучени  врз основа на внатрешни информации

Член 174

(1) Лицата од членот 173 став (1) на овој закон со пристап до внатрешни информации се должни да го известат издавачот, Комисијата и берзата на која котираат хартиите од вредност, ако дознаат дека правно или физичко лице купува или продава хартии од вредност врз основа на внатрешна информација.

(2) Комисијата го пропишува начинот и содржината на известувањата од ставот (1) на овој член.

## Контрола при користење со внатрешни информации

Член 175

(1) Со цел спречување на неовластено користење со  внатрешни информации и/или откривање на неовластено користење, Комисијата може да побара соодветни  објаснувања и  податоци од следниве правни или физички лица:

а) членови на управен одбор, надзорен одбор и одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување или на друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза;

б) лица со посебни овластувања кај акционерското друштво со посебни обврски за известување или кај друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза;

в) акционер кој поседува најмалку 5% од хартии од вредност со право на глас во акционерското друштво со посебни обврски за известување или во друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза;

г) издавач чии хартии од вредност  котираат на берза во Република Македонија;

д)  брокерска куќа која врши услуги во врска со купување и продавање на хартии од вредност и

ѓ) физичко или правно лице и вработените во правното лице кои можат да знаат за случаи на неовластено користење со одредени прекршувања на забраната за употреба на внатрешни информации.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член по барање на Комисијата се должни:

а) да достават соодветни информации и усни објаснувања;

б) да го откријат идентитетот на правното или физичкото лице во чие име и за чија сметка е склучена соодветната трансакција со хартии од вредност и

в) да ги дадат на увид сите или определени документи во врска со соодветната трансакција со хартии од вредност.

**Неточни финансиски извештаи или финансиски извештаи што предизвикуваат заблуда**

Член 176

(1) На овластен ревизор или сметководител му се забранува да потпише неточен или некомплетен финансиски извештај, односно финансиски извештај што предизвикува заблуда, кој е во спротивност со меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за ревизија.

(2) Во случај на непочитување на одредбата на ставот (1) од овој член ревизорот или сметководителот ќе одговара за штетата на лице кое претрпело загуба како резултат на неточен и некомлетен финансиски извештај, односно финансиски извештај кој предизвикува заблуда.

**Обврски за чување на тајна**

Член 177

(1) Членовите на органите на управување, директорот, вработените и овластените ревизори на депозитарот се должни да не ги обелоденуваат податоците кои ги дознале во текот на нивните секојдневни работни активности, освен ако тие податоци не и се на друг начин познати на јавноста или треба да се обелоденат на јавноста согласно со овој или со друг закон.

(2) Членовите на органите на управување, директорот, вработените и овластените ревизори на берза се должни да не ги обелоденуваат податоците кои ги дознале во текот на нивните секојдневни работни активности, освен ако тие податоци не и се на друг начин познати на јавноста или треба да се обелоденат на јавноста согласно со овој или со друг закон.

(3) Членовите на органите на управување, директорот, вработените и овластените ревизори на брокерски куќи се должни да не ги обелоденуваат податоците кои ги дознале во текот на нивните секојдневни работни активности, освен ако тие податоци не и се на друг начин познати на јавноста или треба да се обелоденат на јавноста согласно со овој или со друг закон.

**Купување на хартии од вредност од неовластена понуда на хартии од вредност**

Член 178

Лице кое купило хартии од вредност понудени од издавач, спротивно на одредбите од Главата ИИ на овој закон, има право да поднесе тужба до надлежен суд за враќање на средствата со кои се купени хартиите од вредност заедно со камата, намалени за добиениот приход.

## Тужби во врска со Проспект кој содржи измамнички податоци

Член 179

(1) Лице кое купило хартии од вредност без да знае дека Проспектот содржи невистинити и неточни податоци за ценовно чувствителни информации или дека во Проспектот се пропуштени ценовно чувствителни информации кои со оглед на околностите можат да предизвикаат заблуда, може да поднесе тужба за враќање на уплатените средства со камата, намалени за добиениот приход и изгубена добивка како резултат на непоседување на хартијата од вредност. Тужбата може да се поднесе против следниве лица:

а) издавачот на хартиите од вредност;

б) лицата потписници на Проспектот;

в) членовите на управниот, надзорниот одбор и одборот на директори во моментот на издавање на Проспектот и

г) сметководител или овластен ревизор кој се согласил да биде именуван како лице кое подготвило или одобрило дел од Проспектот, односно изготвило или одобрило извештај, процена или финансиски извештај искористен во изготвувањето на Проспектот.

(2) Под услов лицето да стекнало хартии од вредност откако издавачот ги направил своите финансиски извештаи достапни на своите акционери за периодот од најмалку 12 месеца по издавањето на Проспектот, има право на враќање на средствата согласно со овој член доколку поднесе доказ дека стекнало хартии од вредност врз основа на невистинити податоци во проспектот или врз основа на проспектот без да знае дека истиот не е комплетен.

(3) Не може да се смета за одговорно лице кое согласно со ставот (1) од овој член докаже дека:

а) не ја врши должноста или не е на работното место како што било наведено во Проспектот и доколку ја известил Комисијата и издавачот во писмена форма за настанување на овие околности;

б) без негово знаење Проспектот станал достапен на јавноста и за тоа ја известил јавноста и Комисијата по откривањето дека Проспектот бил достапен на јавноста и

(в) постои основано сомнение дека податоците наведени во Проспектот биле невистинити и дека во него недостасуваат ценовно чувствителни информации.

(4) Штетата што се надоместува согласно со ставот (1) од овој член не може да биде поголема од цената по која хартиите од вредност биле понудени на јавноста и се утврдува како разлика меѓу цената платена за хартиите од вредност:

а) нивната проценета вредност во моментот на поведување на судска постапка;

б) цената по која хартиите од вредност биле продадени на секундарниот пазар пред поведување на судскиот спор и

в) цената по која хартиите од вредност биле продадени на секундарниот пазар после завршување на судска постапка.

(5) Лицата од ставот (1) на овој член се солидарно одговорни.

## Одговорност за манипулација со цената на хартиите од вредност

Член 180

(1) Лице кое по своја волја учествува во активности спротивни на членовите 176, 177 или 178 од овој закон е одговорно на секое лице кое одлучило да купи, продаде или про-

должи да поседува хартии од вредност врз основа на цена утврдена како последица на таквата активност и може да биде тужено пред надлежен суд за надоместок на претрпена штета или изгубена добивка.

(2) Правото на тужба од ставот (1) на овој член застарува во рок од една година од денот на дознавањето на фактите за прекршувањето на законот.

(3) Правото на тужба од ставот (2) на овој член апсолутно застарува во рок од три години од прекршувањето на законот.

## VIII. КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 1. Статус и организација на Комисијата

### Независно регулаторно тело

Член 181

(1) Во областа на пазарот на капитал се основа Комисија за хартии од вредност која претставува самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени со овој закон.

(2) Комисијата го регулира и контролира работењето со хартии од вредност на територијата на Република Македонија.

(3) Комисијата, во рамките на своите законски надлежности и овластувања, се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел за постојано јакнење на довербата на јавноста во институциите на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

(4) Комисијата има својство на правно лице.

(5) Седиштето на Комисијата е во Скопје.

### Состав на Комисијата

Член 182

(1) Комисијата е составена од пет комисионери (членови) од кои еден е претседател.

(2) Мандатот на комисионерите (членовите) е пет години, со можност за реизбор.

(3) Претседателот и најмалку двајца комисионери (членови) се професионално ангажирани во Комисијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надомест освен платата како комисионери (членови) и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

### Избор и разрешување на претседателот и другите комисионери

Член 183

(1) Претседателот и комисионерите ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија.

(2) Функцијата претседател може да престане единствено со поднесување оставка на претседателот или негово разрешување од страна на Собранието на Република Македони-

ја како комисионер. Во случај на поднесување на оставка од страна на претседателот, неговата функција како комисионер продолжува и понатаму, а Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, избира нов претседател за остатокот од мандатот.

(3) За комисионер (член) може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа да:

а) е државјанин на Република Македонија;

б) има уверение за завршено високо образование;

в) е експерт од областа на финансиите и деловното право;

г) не е член на органи на политичка партија;

д) не е член на управен одбор или надзорен одбор или одбор на директори на правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија;

ѓ) не е акционер со над 5% учество во акциите со право на глас во акционерско друштво со посебни обврски за известување и 25% од издадените акции на кое било друго акционерско друштво;

е) не е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;

ж) не е осудуван за кривично дело во период од пет години пред изборот за комисионер и

з) не е осуден за кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(4) Претседателот, односно комисионерот (член) можат да поднесат оставка со поднесување писмена изјава до Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија веднаш ја доставува писмената изјава за оставката до Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија, на првата наредна седница, без претрес констатира дека на претседателот, односно комисионерот (членот) му престанува мандатот со денот на одржувањето на седницата.

(5) Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија го разрешува претседателот, односно комисионерот (член), ако:

а) три пати едноподруго неоправдано отсуствувал од седниците на Комисијата;

б) е на отслужување на казна затвор за кривично дело подолго од шест месеца;

в) ја изгуби работната способност за вршење на редовните задачи;

г) при извршувањето на неговата функција ги прекршува правилата за однесување на Комисијата;

д) обелодени деловна тајна која ја дознал во текот на неговото работење во Комисијата;

ѓ) обелодени внатрешна информација со која се стекнал во текот на неговото работење во Комисијата;

е) стане член на орган на политичка партија;

ж) стане член на управен одбор, надзорен одбор или одбор на директори на правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија;

з) стане акционер со над 5% од акциите со право на глас во акционерско друштво со посебни обврски за известување и 25% од акциите со право на глас на кое било друго акционерско друштво;

ѕ) стане функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и

и) со правосилна судска одлука е осуден за предизвикување на стечај на правно лице.

(6) Ако на комисионерот (член) му престане членството пред истекот на неговиот мандат, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија избира нов комисионер (член) за остатокот од мандатот.

**Функции на Комисијата**

Член 184

Комисијата ги врши следниве функции:

а) презема мерки за спроведување на овој закон и на законите кои се во нејзина надлежност;

б) донесува подзаконски акти врз основа на законите кои се во нејзина надлежност;

в) презема мерки за спроведување на подзаконски акти врз основа на законите кои се во нејзина надлежност;

г) врши контрола над целокупната документација на издавачите на хартии од вредност, презема мерки и донесува одлуки за заштита на интересите на лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност и спречува нечесни и незаконски дејствија поврзани со работењето со хартии од вредност;

д) издава дозволи, одобренија и согласности врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност;

ѓ) го регулира начинот на тргување со хартии од вредност на берзите;

е) врши следење на работењето на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

ж) врши следење и контролирање на функционирањето на пазарот на хартии од вредност;

з) врши контрола на работењето на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

ѕ) одредува стандарди на конкуренција меѓу учесниците на пазарот на хартии од вредност, како и овластените друштва за управување со фондови, односно инвестиционите фондови, по пат на контроли или на друг начин;

и) дава согласност за именување на директори на правни лица учесници на пазари на хартии од вредност, вклучувајќи и директори на организационата единица во банката која е надлежна за вршење на услуги со хартии од вредност, како и директори на друштвата за управување со инвестициони фондови од Законот за инвестиционите фондови;

ј) ги одобрува барањата за издавање на хартии од вредност;

к) се грижи за законит, чесен и транспарентен пазар на хартии од вредност;

л) ги одобрува донесувањето и сите измени на актите на депозитарот и берзата;

љ) соработува со други институции во Република Македонија и надвор од неа;

м) донесува програма за работа, финансиски план и годишна сметка и го усвојува годишниот извештај за работењето на Комисијата;

н) врши избор на овластено друштво за ревизија и го усвојува извештајот на ревизијата на Комисијата;

њ) донесува акти, односно правилници за внатрешната организација на Комисијата и

о) врши други работи во врска со работењето со хартии од вредност согласно со овој закон и со други закони во нејзина надлежност.

## Статут на Комисијата

Член 185

(1) Комисијата донесува Статут на кој согласност дава Собранието на Република Македонија.

(2) Со Статутот на Комисијата се уредува организацијата, управувањето и раководењето, постапките за донесување акти и нивните изменувања и дополнувања, како и други прашања од надлежност на Комисијата.

## Организација на работењето на Комисијата

Член 186

(1) Со Комисијата раководи претседател. Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Комисијата, претседателот за време на неговото отсуство или спреченост го заменува комисионер (член) на Комисијата кој тој го назначува.

(2) Претседателот на Комисијата:

а) се грижи за редовно свикување седници на Комисијата, го предлага дневниот ред на секоја седница, поднесува извештаи за активностите на Комисијата, во периодот меѓу две седници им дава упатства на комисионерите и вработените во Комисијата и го контролира нивното спроведување;

б) ја организира и раководи стручната служба на Комисијата, се грижи за стручно усовршување на вработените во стручната служба и за примање и отпуштање од работа на вработените по претходно одобрение од мнозинството на комисионери;

в) ги потпишува актите и решенијата на Комисијата;

г) ја претставува Комисијата пред трети лица и

д) го контролира спроведувањето на решенијата на Комисијата.

(3) Комисијата донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број комисионери (членови). Комисијата може да одлучи да работи на отворени седници.

(4) Седниците на Комисијата се затворени кога на нив се расправа за непочитување на одредбите на овој закон и другите закони во нејзина надлежност, надзор или контроли, барање за дозволи, одобренија и согласности, приватните пласмани на хартиите од вредност и прашањата во врска со доверливиот третман на информациите по барање на акционерските друштва со посебни обврски за известување.

(5) Комисијата ги објавува донесените решенија во “Службен весник на Република Македонија”. Образложенијата на решенијата на Комисијата се објавуваат на веб страницата на Комисијата по нивната правосилност, односно конечност.

(6) Работењето на стручната служба на Комисијата го организира и координира раководител. Раководителот го именува и разрешува Комисијата по предлог на претседателот.

(7) За раководител на стручната служба се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, има завршено високо образование од областа на економијата и правото и има искуство од најмалку три години во финансиското и деловното право.

## Избегнување на судир на интереси

Член 187

(1) Претседателот, односно комисионерот кој има интерес за некое прашање за кое треба да расправа и одлучува Комисијата е должен да ја открие природата на таквиот интерес на седницата на Комисијата, на која се разгледува и одлучува по тоа прашање и истото се евидентира во записникот од таа седница. Должноста за откривање на природата на интересот се однесува и во случаите кога на седницата на Комисијата се расправа и се одлучува за некое прашање за кое интерес имаат брачниот другар или лице во сродство во права линија на претседателот, односно комисионерот.

(2) Претседателот, односно комисионерот од ставот (1) на овој член не присуствуваат за време на расправата и одлучувањето по тоа прашање.

(3) Должноста за откривање на интересот од ставот (1) на овој член се однесува и на вработените лица во Комисијата.

## Правила на однесување

Член 188

(1) Комисијата донесува правила на однесување на комисионерите и вработените во Комисијата, со цел за спречување судир на интереси и уредување на однесувањето на сегашните и поранешните комисионери и вработени во Комисијата.

(2) Сегашните и поранешните комисионери, вработените во стручната служба на Комисијата и консултантите ангажирани од Комисијата, не смеат за своја корист да ги употребуваат или да ги обелоденуваат деловните тајни или внатрешните информации со кои се стекнале во текот на работењето во Комисијата. Обврската за доверливост продолжува да важи во наредните пет години од денот на престанокот на мандатот, односно работниот однос или договорот за консултантски и други услуги.

(3) Информациите добиени во текот на работењето на Комисијата можат да им бидат обелоденети само на:

а) вработените и комисионерите на Комисијата заради извршување на нивните службени обврски;

б) службените лица од саморегулирачката организација во врска со спроведувањето на овој закон;

в) другите органи надлежни за супервизија на финансиските институции во Република Македонија, под услов Меморандумот за разбирање да овозможува обелоденување на таквите информации;

г) органите и институциите за спроведување на законите;

д) надлежниот суд и

ѓ) регулаторите на пазарот на хартии од вредност во странски земји согласно со меморандумите за разбирање или меѓународните договори.

(4) Обврските од ставовите (2) и (3) на овој член се однесуваат и на лице кое има право да добие доверливи информации од комисионерите или вработените во Комисијата.

(5) Заради спречување на судир на интереси, комисионер и вработен во Комисијата се должни да ја известат Комисијата за своето портфолио за хартии од вредност.

## Одговорност на Комисијата

Член 189

(1) Комисијата не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во Проспектот и поканата за јавна понуда, соопштението за приватен пласман и за друг извештај доставен до Комисијата, акционерите и јавноста од страна на издавачот.

(2) Комисионер или вработен во Комисијата не одговара за штетата што настанала во работењето под услов ако работел чесно и совесно.

(3) Штетата предизвикана поради незаконско работење на комисионер или вработен во Комисијата се надоместува од средствата на Комисијата, според општите прописи за надоместок на штета.

(4) Во случај на судски спор во кој е тужен комисионер или вработен во Комисијата поради извршување на неговите службени должности, Комисијата обезбедува правно застапување и ги покрива трошоците на одбраната.

(5) Ако со правосилна судска пресуда е утврдено дека комисионер или вработен во Комисијата, со умисла или од небрежност извршил повреда на работните задачи, не се применува одредбата на ставот (3) од овој член, односно комисионерот или вработениот се одговорни за настанатата штета и се должни да и ги надоместат на Комисијата трошоците од ставот (4) на овој член.

## 2. Донесување на правилници

## Донесување, изменување и укинување на правилниците на Комисијата

Член 190

(1) Комисијата донесува правилници, по обезбедување на јавна расправа за предлог на правилници и поднесување на писмени забелешки од заинтересираните лица во период од 30 календарски дена. Во врска со донесените правилници Комисијата ги објавува добиените коментари на веб страницата.

(2) Постапката за изменување и дополнувања на правилниците се врши согласно со ставот (1) од овој член.

(3) Комисијата може да донесе правилник за престанување на важење на правилник без претходна јавна расправа.

(4) Комисијата може да донесува правилници од времен карактер без претходна јавна расправа, доколку оцени дека потребата за таков правилник е од итна природа, а особено заради:

а) заштита на интересите на инвеститорите, учесниците на пазарот на хартии од вредност и интегритетот на пазарот;

б) одржување на чесен, уреден и транспарентен пазар на хартии од вредност и

в) осигурување на брзо, точно и сигурно утврдување и порамнување на трговските трансакции.

(5) Правилниците од времен карактер се со важност најмногу до 90 дена.

## Донесување, изменување и укинување на актите на берзи и депозитари

Член 191

Комисијата може да им наложи на берзи и депозитари донесување, изменување и укинување на акти, доколку утврди дека тоа е неопходно за спроведување на овој закон, а со цел за:

а) заштита на интересите на инвеститорите, учесниците на пазарот на хартии од вредност и интегритетот на пазарот;

б) одржување на чесен, уреден и транспарентен пазар на хартии од вредност и

в) осигурување на брзо, точно и сигурно утврдување и порамнување на трговските трансакции.

## 3. Контрола

## Општи одредби

## Контрола на овластени учесници на пазарот на хартии од вредност

Член 192

(1) Комисијата врши контрола на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност заради примената на овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон и правилата на саморегулирачките организации.

(2) Комисијата може во соработка со Народната банка на Република Македонија да спроведува контрола на работењето на банките кои вршат услуги во врска со хартии од вредност, согласно со овој закон.

(3) Саморегулирачките организации согласно со овој закон се должни веднаш да ја известат Комисијата за сторени повреди од страна на другите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност ако таквите повреди ги констатираат при вршењето на контрола врз нив.

## Начин на вршење на контрола

Член 193

(1) Комисијата може да врши редовна и вонредна контрола.

(2) Според начинот на извршување контролата може да биде посредна и непосредна. Посредната контрола се спроведува преку добивање на податоци од овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, а непосредната се спроведува преку вршење директен увид на податоците од редовното работење во просториите на контролираниот учесник на пазарот на хартии од вредност.

(3) Комисијата поблиску го пропишува начинот и постапката за вршење на контролата од ставот (1) на овој член.

## Мерки

Член 194

(1) По спроведена посредна и непосредна контрола на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, Комисијата може да донесе решение за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости или решение за привремена забрана на работењето или решение за одземање на дозволата, согласноста, односно одобрението кое Комисијата го издава во согласност со овој закон.

(2) По спроведена контрола на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, Комисијата може да донесе решение за одземање на согласноста на одговорното лице (директор) на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и да изрекува други мерки во согласност со овој закон.

(3) Комисијата донесува решение за привремена забрана на работењето или решение за одземање на дозволата, согласноста, односно одобрението кое Комисијата го издава во согласност со овој закон на овластениот учесник и на одговорното лице (директор) во случај кога овластените учесници на пазарот на хартии од вредност вршат забранети работи и дејствија во работењето со хартии од вредност, предвидени со овој закон или со друг закон од надлежност на Комисијата и со правилата на саморегулирачките организации.

(4) Против решенијата на Комисијата може да се изјави жалба согласно со членот 231 став (1) од овој закон.

(5) Жалбата од ставот (4) на овој член не го одлага извршувањето на решенијата од овој член.

## Овластување за вршење на непосредна контрола

Член 195

(1) Комисијата врши непосредна контрола на работењето на учесниците на пазарот на хартии од вредност заради утврдување на законитоста во нивното работење. Контролите можат да се вршат со или без претходна најава, по своја оцена и како дел од редовното работење на Комисијата.

(2) При вршењето на контролата овластеното лице, вработено во Комисијата, презентира решение за овластување за контрола во просториите на правното лице учесник на пазарот на хартии од вредност.

(3) Лицето од ставот (2) на овој член е овластено да:

а) ја прегледа и провери целокупната деловна документација;

б) обезбеди копија од сите документи значајни за контролата;

в) побара увид и да обезбеди примероци од сите документи во врска со финансиското работење;

г) побара од раководните лица и вработени во учесникот на пазарот на хартии од вредност информации во врска со неговото работење и

д) добие усни и писмени објаснувања за потребите на контролата.

(4) Одбивањето и попречувањето од страна на учесник на пазарот на хартии од вредност да постапи согласно со ставовите (1), (2) и (3) од овој член е основа за привремено или трајно одземање на дозволата за работење од страна на Комисијата.

## Посредна контрола

Член 196

(1) Комисијата врши посредна контрола на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност со увид и анализа на финансиските известувања, извештаите и друга документација која овластените учесници на пазарот на хартии од вредност и другите субјекти се должни да ги доставуваат во согласност со овој закон или на барање на Комисијата, контрола на книгите, на актите и на целокупната друга деловна документација која се води во согласност со овој закон или со друг закон и врз основа на подзаконските прописи донесени врз основа на овие закони, а која се доставува на барање на Комисијата.

(2) Посредна контрола опфаќа континуирано следење и проверка на податоците од извештаите, известувањата, деловните евиденции и другите документи кои овластените учесници на пазарот на хартии од вредност се должни да ги доставуваат до Комисијата согласно со постојните прописи, како и документи, известувања и објави од други субјекти кои се поврзани со овластените учесници при работењето со хартиите од вредност.

(3) Предмет на посредна контрола е и друга документација во врска со работењето со хартии од вредност која овластените учесници се должни да ја доставуваат по барање на Комисијата.

## Наоди од контролата

Член 197

(1) Ако, во текот на контролата, Комисијата утврди дека овластен учесник на пазарот на хартии од вредност не ги почитува одредбите од овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон или правилата на овластените учесници на пазарот, Комисијата може:

а) јавно да ги обелодени информациите за утврдените неправилности и незаконитости во работењето со хартии од вредност;

б) да издаде решение до овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости во определен рок и да добие извештај во кој се опишани преземените мерки за отстранување на неправилностите и незаконитостите;

в) да воведе времена забрана од најмногу 30 работни дена за вршење на сите или дел од услугите со хартии од вредност за кои учесникот на пазарот за хартии од вредност има добиено дозвола за работење;

г) да донесе решение за замрзнување на средствата на сметките на учесниците на пазарот на хартии од вредност во банка или друга финансиска институција за период од најмногу 15 работни дена;

д) да спроведува инспекциски надзор според правилата кои ги донесува Комисијата;

ѓ) да донесе решение за одземање на согласноста на одговорното лице (директор) на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност;

е) да донесе решение за изрекување на јавна опомена;

ж) да донесе решение за трајна забрана за вршење на сите или дел од услугите со хартии од вредност за кои учесникот на пазарот на хартии од вредност има добиено дозвола за работење;

з) да му изрече мандатна казна на учесник на пазарот на хартии од вредност;

ѕ) да побара изменување на правилата или статутот на  учесникот на пазарот на хартии од вредност и

и) да нареди преземање на други мерки за подобрување на финансиската дисциплина при работењето на  учесникот на пазарот на хартии од вредност.

(2) Доколку Комисијата открие дека директор, вработен, член на управниот и надзорниот   одбор или одборот на директори на  учесник на пазарот на хартии од вредност или лице со  дозвола за работење со хартии од вредност: а) ги прекршил одредбите од овој закон или правилниците донесени врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност и б) предизвикал учесникот на пазарот на хартии од вредност да ги прекрши правилниците од овој закон и  своите правила, Комисијата може:

- парично да го казни директорот, вработениот, членот на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори на  учесникот на пазарот на хартии од вредност или лице со  дозвола за работење со хартии од вредност и

- времено или трајно да му ја одземе дозволата за работење со хартии од вредност или согласноста на тоа лице издадена во согласност со овој закон.

## Трошоци од извршена контрола

Член 198

(1) Кога кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност е извршена контрола согласно со овој закон и притоа се утврдени неправилности и незаконитости во работењето, трошоцоте од контролата паѓаат на товар на учесникот над кој се врши контролата.

(2) Комисијата донесува решение со кое се задолжува учесникот на пазарот на хартии од вредност за плаќање на трошоците од контролата.

(3) Трошоците од контролата се одредуваат со  тарифникот на Комисијата.

## 4. Надзор

## Овластување за спроведување надзор

Член 199

(1) Комисијата е овластена да спроведува надзор заради утврдување дали овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или друго физичко или правно лице го прекршило овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон, другите закони во нејзина надлежност и правилата на овластените учесници на пазарот.

(2) Надзорот го вршат овластени лица вработени во Комисијата.

## Повикување на лица

Член 200

(1) Во текот на надзорот Комисијата може да повика лица со цел на Комисијата да и дадат усни информации,  во форма на изјави  или одговори.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член се однесува на:

а) директорите, вработените, членовите на управниот и надзорниот одбор или  на одборот на директори на  учесникот на пазарот на хартии од вредност или

б) директорите, вработените, членовите на управниот и надзорниот одбор или на одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување или на друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза;

в) акционери во акционерски друштва со посебни обврски за известување или на друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза и

г) други лица по барање на Комисијата.

(3) Информациите добиени врз основа на овој член Комисијата ги чува како доверливи и се употребуваат во постапка што ја води Комисијата или во судска постапка.

## Налози за доставување на документи

Член 201

(1) Во текот на надзорот Комисијата може да издаде налози на лица од кои се бара да поднесат примероци од утврдените документи до Комисијата и да обезбедат можност за контрола на оригиналните документи.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член се однесува на:

а) директорите, вработените, членовите на управниот и надзорниот одбор или на одборот на директори на учесникот на пазарот на хартии од вредност или

б) директорите, вработените, членовите на управниот и надзорниот одбор или на одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување или на друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза;

в) акционери во акционерски друштва со посебни обврски за известување или на друг издавач чии хартии од вредност се тргуваат на берза и

г) други лица по барање на Комисијата.

(3) Информациите добиени врз основа на овој член Комисијата ги чува како доверливи и се употребуваат во постапка што ја води Комисијата или во судска постапка.

## Почитување на налозите на Комисијата

Член 202

(1) Почитувањето на налозите на Комисијата за повикување на лица и/или доставување документи претставува должност на примателите на налогот.

(2) Непочитувањето на налозите на Комисијата од ставот (1) на овој член претставува правна основа за изрекување мерки/санкции согласно со овој закон.

## Вршење на надзор

Член 203

Комисијата поблиску го пропишува начинот и постапката за вршење на надзорот.

## 5. Преземање мерки

### 5.1. Овластување за преземање мерки во постапка на издавање, понуда и продажба на хартии од вредност

### Мерки на контрола

Член 204

(1) Ако Комисијата открие дека издавачот ги прекршил одредбите од овој закон и правилниците донесени врз основа на овој закон, во врска со издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност, таа може:

а) јавно да ги обелодени информациите за незаконитостите и неправилностите;

б)да издаде решение со кое издавачот се задолжува да ги исправи незаконитостите и неправилностите во утврдениот рок и

в) времено или трајно да го прекине, односно да го запре издавањето на хартии од вредност.

(2) Издавачот е должен да ги отстрани незаконитостите и неправилностите во утврдениот рок и за тоа да поднесе извештај до Комисијата.

(3) Ако издавачот не ги отстрани незаконитостите и неправилностите, Комисијата донесува решение со кое времено или трајно го прекинува, односно го запира издавањето на хартиите од вредност и наложува враќање на уплатените средства на купувачите. Комисијата го објавува решението во најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија.

(4) Комисијата може да не одржи сослушување пред донесување на решението од ставот (1) или (3) на овој член.

(5) Жалбата против решенијата на Комисијата од овој член не го одлага извршувањето на решението.

### 5.2 Овластување за преземање мерки против брокерските куќи

### Решение за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости

Член 205

(1) Комисијата донесува решение за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости ако при контрола констатира неправилности и незаконитости во работењето со хартии од вредност кај брокерската куќа.

(2) Решение од ставот (1) на овој член Комисијата донесува и во случај кога:

а) брокерската куќа не ги исполнува условите за вршење на услуги со хартии од вредност во согласност со овој закон;

б) брокерската куќа врши услуги со хартии од вредност за кои нема добиено дозвола од Комисијата, односно врши услуги и дејности кои според овој закон не смее да ги врши;

в) брокерската куќа постапува спротивно на правилата за владеење со ризици во согласност со овој закон;

г) брокерската куќа постапува спротивно на правилата за водење на деловните книги и деловните извештаи, односно за ревидирање на годишните извештаи;

д) брокерската куќа не ги исполнува обврските за поднесување на извештаи и известувања во согласност со овој закон и

ѓ) во други случаи кога брокерската куќа не постапува во согласност со овој закон и со правилата на саморегулирачките организации, како и кога постапува спротивно и со други правила на пазарот на хартии од вредност во работењето со хартии од вредност.

(3) Во решението од ставовите (1) и (2) на овој член Комисијата утврдува рок за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости.

(4) Брокерската куќа е должна да ги отстрани утврдените неправилности и незаконитости и на Комисијата да и достави извештај во кој ќе ги опише преземените мерки за отстранување на неправилностите и незаконитостите. Кон извештајот задолжително се приложуваат документи и други докази од кои се гледа дека утврдените недостатоци се отстранети.

## Привремена забрана за вршење на услуги

Член 206

(1) Комисијата донесува решение за привремена забрана за вршење на сите или дел од услугите со хартии од вредност на брокерската куќа за кои има добиено дозвола во следниве случаи:

(а) брокерската куќа не го организирала работењето, односно тековно не ги води деловните книги, деловната документација и други административни и деловни евиденции така што не може во секој момент да се провери дали работи согласно со одредбите од овој закон, а особено согласно со правилата за владеење со ризици;

б) брокерската куќа не постапи согласно со решението на Комисијата за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости или истите не може да ги отстрани, односно од доставениот извештај во кој се опишани преземените мерки за отстранување на неправилностите и незаконитостите и од приложените документи и други докази не може да се утврди дека утврдените неправилности и незаконитости се отстранети;

в) брокерската куќа ненавремено и последователно не доставува известувања и извештаи до Комисијата во согласност со овој закон или на друг начин го попречува вршењето на контролата;

г) во случај кога брокерската куќа ќе стори забранети работи со хартии од вредност предвидени со овој или со друг закон и со правилата на саморегулирачките организации;

д) не одбие барање за какво било дејствие со хартии од вредност ако знае или би морало да знае дека поради извршување на барањето може да дојде до кршење на овој закон, другите закони од надлежност на Комисијата и правилата на саморегулирачките организации;

ѓ) ја крши должноста за чување на доверливи податоци, забрана на манипулација или забрана на употреба на внатрешни информации во согласност со овој закон;

е) кога не постапува во согласност со задолженијата и обврските во рокови определени со решение на Комисијата и

ж) постапува спротивно на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него на начин што го загрозува или оневозможува работењето на саморегулирачките организации.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член важи најмногу 30 работни дена.

(3) Решението од ставот (1) на овој член Комисијата најдоцна во рок од три работни дена од неговото донесување, го доставува и на берзата и на депозитарот кои брокерската куќа на која забраната се однесува, треба да ја исклучат од членството додека трае забраната.

## Одземање на дозвола

Член 207

(1) Комисијата ја одзема дозволата за вршење на услугите во врска со хартии од вредност на брокерската куќа во следниве случаи:

а) брокерската куќа по донесено решение на Комисијата за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости истите не може да ги отстрани, односно од доставениот извештај во кој се опишани преземените мерки за отстранување на неправилностите и од приложените документи и други докази не може да се утврди дека утврдените недостатоци и неправилности се отстранети, а во случај на сторени потешки повреди на правилата за работење со хартии од вредност предвидени со овој или со друг закон од надлежност на Комисијата и со правилата на саморегулирачките организации;

б) извршува потешки повреди на правилата за работење со хартии од вредност предвидени со овој закон и со други закони од надлежност на Комисијата и правилата на саморегулирачките организации;

в) не започне со работа шест месеца од издавањето на дозвола или ако прекине со работење повеќе од шест месеца;

г) дозволата е стекната со наведување на невистинити податоци;

д) брокерската куќа врши други работи кои не се поврзани со хартиите од вредност во согласност со овој закон;

ѓ) ако надлежниот орган на брокерската куќа донесе одлука за измена на дејноста врз основа на која брокерската куќа повеќе нема да врши услуги во врска со хартии од вредност;

е) престане да ги исполнува кадровските, техничките и организационите услови предвидени со овој закон или со подзаконските акти и правилата на саморегулирачките организации;

ж) ако брокерската куќа не ги исполнува условите во врска со капиталска соодветност и на други услови за работење, согласно со правилата за владеење со ризици, како и на други услови и обврски во согласност со законите од надлежност на Комисијата;

з) кога брокерската куќа не постапува согласно со решението за привремена забрана на вршење на услуги и

ѕ) кога Комисијата, откако издала дозвола, добие информација која доколку била добиена навремено ќе била причина за неиздавање, или ако околностите се промениле до таа мера што Комисијата не би издала дозвола, или пак се случат и двете.

(2) На подружница на странска брокерска куќа Комисијата, освен во случаите од ставот (1) на овој член, донесува решение за одземање на дозволата и во случај дозволата за работа да биде одземена во матичната земја, или за временскиот период за кој во матичната земја на странската брокерска куќа и е изречена привремена забрана за вршење на услуги со хартии од вредност.

(3) Со решението од ставот (1) на овој член Комисијата определува рок кој не може да биде пократок од шест месеца од одземањето на дозволата во кој брокерската куќа не смее да побара да се обнови дозволата која претходно е одземена.

(4) Решението од ставот (1) на овој член Комисијата го доставува на берзата и на депозитарот кои треба брокерската куќа да ја исклучат од членството.

(5) Пред донесувањето на решението од ставот (1) на овој член Комисијата и овозможува на брокерската куќа да се изјасни за причините кои можат да доведат до одземање на дозволата за работење.

**Јавна опомена**

Член 208

(1) Комисијата може да донесе решение за изрекување јавна опомена на брокерската куќа и на директорот на брокерската куќа.

(2) При одлучувањето за изрекување јавна опомена Комисијата ја зема предвид тежината на повредата и околноста дали на брокерската куќа и на директорот на брокерската куќа веќе им е изречена јавна опомена.

(3) Комисијата јавно го објавува диспозитивот од решението по неговата конечност во најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија.

**Преземање на вршење услуги од друга брокерска куќа**

Член 209

(1) Во случај кога Комисијата ќе донесе решение со кое ја одзема дозволата за работа на брокерската куќа може да определи друга брокерска куќа или банка која ќе го преземе вршењето на услугите во врска со хартиите од вредност за кои брокерската куќа на која и е одземена дозволата презела обврски спрема клиентите.

(2) Во исто време, заедно со вршењето на услугите во врска со хартии од вредност, другата брокерска куќа која ќе ја определи Комисијата ќе ги преземе и финансиските средства кои се уплатени од клиентот кои се чуваат на посебни сметки кај овластена институција.

(3) Комисијата донесува правила со кои поблиску ја пропишува постапката за преземање на вршењето на услугите од ставот (1) на овој член.

**5.3. Овластување за преземање на мерки против брокерите**

**Мерки на контрола**

Член 210

Ако при контрола Комисијата утврди дека во работењето на брокерот има неправилности, незаконитости и непочитување на обврските во согласност со овој закон, подзаконските акти донесени врз основа на закон и непочитување на правилата на саморегулирачките организации, Комисијата може да донесе решение заради преземање на следниве мерки:

а) привремена забрана на брокерот да врши работи за кои има добиено дозвола;

б) јавно објави дека брокерот ги повредува правилата за работа со хартии од вредност;

в) изрекување јавна опомена и

г) одземање на дозволата.

**Одземање на дозвола**

Член 211

Комисијата донесува решение за одземање на дозвола на брокерот и во случај кога:

а) податоците од членот 112 на овој закон се невистинити;

б) врши забранети дејствија и работи со хартии од вредност;

в) врши други работи кои не се поврзани со работење со хартии од вредност во согласност со овој закон;

г) не одбие барање за какво било дејствие со хартии од вредност ако знае или би морал да знае дека поради извршување на барањето може да дојде до кршење на овој закон, другите закони од надлежност на Комисијата и правилата на саморегулирачките организации;

д) ако повеќе не ги исполнува условите кои се потребни за добивање на дозвола за брокер;

ѓ) доколку по предупредување на Комисијата брокерот продолжи да постапува спротивно на правилата и обврските во согласност со овој закон, подзаконските акти донесени врз него и на правилата на саморегулирачките организации и

е) Комисијата, откако издала дозвола, добие информација која доколку била добиена навремено ќе била причина за неиздавање, или ако околностите се промениле до таа мера што Комисијата не би издала дозвола, или пак се случат и двете.

## 5.4. Овластување за преземање на мерки против друштвата за инвестиционо советување и на инвестиционите советници

**Мерки на контрола на друштвата за инвестиционо советување и инвестициони советници**

Член 212

Ако при контрола Комисијата утврди дека во работењето на друштвото за инвестиционо советување и на инвестициониот советник има неправилности, незаконитости и непочитување на обврските во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и непочитување на правилата на саморегулирачките организации, Комисијата може да донесе решение заради преземање на следниве мерки:

- привремена забрана на друштвото за инвестиционо советување и на инвестициониот советник да врши работи за кои има добиено дозвола,
- јавно објави дека друштвото за инвестиционо советување и на инвестициониот советник ги повредува правилата за работа со хартии од вредност,
- изрекување јавна опомена и
- одземање на дозволата.

**Одземање на дозвола на друшвата за инвестиционо советување и на инвестициони советници**

Член 213

Комисијата донесува решение за одземање на дозвола на друштвото за инвестиционо советување и на инвестициониот советник во случај кога:

а) податоците од членовите 148 и 150 на овој закон се невистинити;

б) врши забранети дејствија и работи со хартии од вредност;

в) врши други работи кои не се поврзани со работење со хартии од вредност во согласност со овој закон;

г) не одбие барање за какво било дејствие со хартии од вредност ако знае или би морало да знае дека поради извршување на барањето може да дојде до кршење на овој закон, други закони од надлежност на Комисијата и правилата на саморегулирачките организации;

д) ако повеќе не ги исполнува условите кои се потребни за добивање на дозвола за друштвото за инвестиционо советување, односно за инвестициониот советник;

ѓ) доколку по предупредување на Комисијата, друштвото за инвестиционо советување, односно инвестициониот советник продолжи да постапува спротивно на правилата и обврските во согласност со овој закон, подзаконските акти донесени врз него и на правилата на саморегулирачките организации и

е) Комисијата, откако издала дозвола, добие информација која доколку била добиена навремено ќе била причина за неиздавање, или ако околностите се промениле до таа мера што Комисијата не би издала дозвола, или пак се случат и двете.

## 5.5. Овластување за преземање на мерки против берза

### Предмет на контрола на берзата

Член 214

При вршење на контрола на берзата во согласност со овој закон Комисијата ги проверува:

а) законитоста на работењето на берзата во согласност со овој закон;

б) законитоста на берзанското тргување со хартии од вредност;

в) применувањето на законите и другите прописи кои се однесуваат на работењето со хартии од вредност, како и сопствените правила, статутот и други акти врз основа на кои се издава одобрението за работа на берзата;

г) дали на берзата се врши промет на хартии од вредност кои ги исполнуваат пропишаните услови за тргување, односно дали тие работи ги вршат овластени брокери и

д) контрола на финансиската состојба на берзата и на членките на берзата.

### Мерки на контрола на берзата

Член 215

(1) Ако при контрола се утврди дека во работењето на берзата има неправилности, односно незаконитости, Комисијата може да ги преземе следниве мерки:

а) да издаде решение за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости во работењето со долгорочните хартии од вредност;

б) да издаде решение за привремено запирање на работењето на берзата;

в) јавно да ги објавува податоците за неправилностите и незаконитостите во работењето на брокерските куќи членки на берзата и на самата берза;

г) привремено или трајно да ја одземе дозволата за работа на берзата;

д) да преземе и други мерки за подобрување на работењето на берзата и

ѓ) да донесе решение за отповикување на согласноста за директор на берзата.

(2) Во случај на утврдување на неправилности и незаконитости при работењето трошоците на контролата паѓаат на товар на берзата.

**Јавна опомена**

Член 216

(1) Комисијата може да донесе решение за изрекување јавна опомена на берзата и на директорот на берзата.

(2) При одлучувањето за изрекување јавна опомена Комисијата ја зема предвид тежината на повредата и околноста дали на берзата и на директорот на берзата веќе им е изречена јавна опомена.

(3) Комисијата јавно го објавува диспозитивот од решението по неговата конечност во најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија.

## 5.6. Овластување за преземање на мерки против депозитар

**Предмет на контрола на депозитар**

Член 217

При вршење на контрола на депозитар во согласност со овој закон Комисијата ги контролира:

а) законитоста на работењето на депозитарот во согласност со овој закон;

б) законитоста во вршењето на работите со хартии од вредност;

в) дали депозитарот ги применува законите и другите прописи кои се однесуваат на работењето со хартии од вредност, како и сопствените правила, статутот и други акти врз основа на кои се издава одобрението за работа на депозитарот;

г) дали на депозитарот се вршат работи со хартии од вредност кои ги исполнуваат условите и обврските пропишани со овој закон и подзаконските акти и со правилата донесени во согласност со овој закон и

д) контрола на финансиската состојба на депозитарот и членките на депозитарот.

**Мерки на контрола на депозитар**

Член 218

(1) Ако при контрола се утврди дека во работењето на депозитарот има неправилности, односно незаконитости, Комисијата може да ги преземе следниве мерки:

а) да издаде решение за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости во работењето со хартиите од вредност;

б) да донесе решение за привремено запирање на работењето на депозитар;

в) јавно да објави за утврдените неправилности и незаконитости во работењето на депозитарот;

г) да ја одземе дозволата за работа на депозитарот;

д) да преземе и други мерки за подобрување на работењето на депозитарот и

ѓ) да донесе решение за отповикување на согласноста за директор на депозитарот.

(2) Во случај на утврдување на неправилности при работењето трошоците на контролата паѓаат на товар на депозитарот.

**Јавна опомена**

Член 219

(1) Комисијата може да донесе решение за изрекување јавна опомена на депозитарот и на директорот на депозитарот.

(2) При одлучувањето за изрекување јавна опомена Комисијата ја зема предвид тежината на повредата и околноста дали на депозитарот и на директорот на депозитарот веќе им е изречена јавна опомена.

(3) Комисијата јавно го објавува диспозитивот од решението по неговата конечност во најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија.

## 5.7. Овластување за преземање на мерки против акционерски друштва со посебни обврски за известување

**Мерки на контрола на акционерски друштва со посебни обврски за известување**

Член 220

(1) Доколку Комисијата открие дека акционерското друштво со посебни обврски за известување ги прекршило одредбите од овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон, Комисијата може:

а) јавно да ги обелодени информациите за неправилностите и незаконитостите;

б) да донесе решение со кое од акционерското друштво со посебни обврски за известување и/или од неговите директори или вработени се бара да ги отстранат неправилностите и незаконитостите и да биде известена за отстранување на истите;

в) да наложи времено прекинување на тргувањето со хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување во период од 30 работни дена;

г) да наложи времена забрана на нетрговските преноси на хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување во период од 30 работни дена и

д) парично да го казни акционерското друштво со посебни обврски за известување.

(2) Доколку Комисијата открие дека директор, вработен, член на управниот и надзорниот одбор и одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување ги прекршил одредбите од овој закон или правилниците донесени врз основа на овој закон и/или предизвикал акционерското друштво со посебни обврски за известување да ги прекрши прописите донесени врз основа на овој закон, Комисијата може:

а) парично да го казни директорот, вработениот, членот на управниот и надзорниот одбор и одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување и

б) да донесе решение со кое трајно  или времено му забранува на физичкото лице да купува, продава или да биде вклучено во нетрговски преноси со хартии од вредност кои ги издава акционерското друштво со посебни обврски за известување.

### 5.8 Овластување за преземање на мерки против акционери кои поседуваат повеќе од 5% од хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување

### Мерки на контрола на акционери кои поседуваат повеќе од 5% од хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување

Член 221

Доколку Комисијата открие дека правното или физичкото лице ги  прекршило одредбите од членовите 166 и 167 на овој закон, Комисијата може:

а) јавно да ги обелодени информациите за неправилностите и незаконитостите;

б) да донесе решение со кое лицето се задолжува во определен рок да ги отстрани неправилностите и незаконитостите и да ја извести Комисијата за отстранување на истите;

в) да донесе решение со кое времено го суспендира правото на глас на лицето во однос на хартиите од вредност до отстранување на неправилностите и незаконитостите и

г) парично  да го казни лицето.

## 6. Други  овластувања

### Покренување на постапка пред надлежен орган

Член 222

Доколку Комисијата заклучи дека постои основано сомнение дека физичкото или правното лице ги прекршило одредбите на овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон, Комисијата покренува постапка кај надлежен орган.

### Овластување за размена на информации со други надлежни органи

Член 223

Комисијата разменува информации со органите  надлежни за кривичен прогон.

### Овластување за вклучување во постапка пред суд

Член 224

Комисијата е овластена да се вклучи во постапката што се води во врска со прекршувања на одредбите од овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и  други закони во нејзина надлежност. Комисијата може да се јави како учесник во постапката единствено со цел да го информира судот за нејзините ставови, мислења и толкувања.

**Овластување за меѓународна соработка**

Член 225

(1) Комисијата е овластена да склучува меморандуми за разбирање, како и други акти со регулаторите на пазарите на хартии од вредност на други земји и други финансиски регулатори, со цел за координирање и соработка во спроведувањето на одредбите од овој закон, друг закон и прописите донесени врз основа на нив.

(2) Комисијата може да разменува информации во согласност со актите од ставот (1) на овој член. Размената на доверливи информации се врши врз основа на принципот на реципроцитет со земјите со кои се склучени тие акти.

**Соработка со домашни финансиски регулаторни и супервизиски тела**

Член 226

(1) Комисијата е овластена да склучува меморандум за разбирање и други акти со домашни финансиски регулаторни и супервизорски тела или со други државни органи и институции за поефикасно спроведување на законите во нејзина надлежност.

(2) Комисијата може да разменува информации во согласност со меморандумите и другите акти од ставот (1) на овој член.

**7. Финансирање, водење евиденција и поднесување извештаи**

**Средства за работа на Комисијата**

Член 227

(1) Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од:

а) надоместоци за одобренија за издавање хартии од вредност;

б) надоместоци за дозволи за работење на сите овластени учесници на пазарот со хартии од вредност, односно брокерски куќи, берзи, депозитари, банки, брокери и инвестициони советници;

в) надоместоци утврдени со Законот за инвестиционите фондови;

г) надоместоци утврдени со Законот за преземање на акционерски друштва;

д) надоместоци за согласност на актите на здруженијата на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

ѓ) надоместоци за согласност за именување на директори на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

е) надоместоци за реализирани берзански трансакции од кои берзите остваруваат приходи;

ж) надоместоци од приходите на брокерските друштва;

з) надоместоци од приходите на депозитари;

ѕ) надоместоци за вршење теренска контрола кај учесници на пазарот на хартии од вредност;

и) надоместоци за разгледување и проверка на извештаите на акционерски друштва со посебни обврски за известување и

ј) други приходи што Комисијата ги остварува од своето работење.

(2) Комисијата ја утврдува со тарифник содржината и висината на надоместоците од ставот (1) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија дава согласност на тарифникот од ставот (2) на овој член.

**Резервен фонд на Комисијата**

Член 228

(1) Од вишокот на приходи над расходи од работењето на Комисијата се формира резервен фонд.

(2) Средствата од резервниот фонд се користат за финансирање на недостигот на средства на Комисијата, премостување на временската неусогласеност на приходите над расходите на Комисијата и во функција на развој и унапредување на работењето на Комисијата.

**Чување на податоци**

Член 229

(1) Комисијата е должна во период од три години од приемот да ги чува:

а) податоците и документите доставени од издавачот во врска со издавањето на хартии од вредност;

б) податоците и документите доставени од акционерските друштва со посебни обврски за известување согласно со одредбите на овој закон и

в) податоците и документите доставени од учесниците на пазарот на хартии од вредност согласно со одредбите на овој закон.

(2) Податоците и документите од ставот (1) точки а) и б) на овој член се достапни на јавноста во постапка и под услови пропишани од Комисијата.

(3) Комисијата на крајот на секое тримесечје објавува список на сите изречени мерки врз основа на одредбите од овој закон по нивната конечност.

**Годишен извештај**

Член 230

(1) Комисијата за својата работа до Владата на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија доставува еднаш годишно, најдоцна до 31 мај, годишен извештај за својата работа, заедно со финансиските извештаи кои се во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, ревидирани од овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди и финансискиот план за наредната година. Комисијата го доставува годишниот извештај до Собранието за усвојување.

(2) Комисијата во рок од 15 календарски дена од денот на усвојување на годишниот извештај, истиот го објавува на својата веб страница и објавува резиме од годишниот извештај со мислење од овластен ревизор во најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија.

**Право на жалба**

Член 231

(1) Против решението што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисија за жалби), во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(2) Комисијата за жалби е составена од претседател и четири члена. Членовите и претседателот, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија. На првата конститутивна седница на Комисијата за жалби се избира заменик на претседателот.

(3) За член на Комисијата за жалби може да биде именувано лице со завршено високо образование од областа на финансиите и деловното право, со искуство во струката над пет години и посебни знаења од областа на пазарот на хартии од вредност.

(4) Мандатот на членовите на Комисијата за жалби изнесува пет години.

(5) Претседателот и членовите не смеат да одлучуваат за овластени учесници од пазарот на хартии од вредност и други правни и физички лица над кои контрола врши Комисијата за хартии од вредност, со кои тие, нивните брачни другари или членови на нивните семејства во прв степен на сродство, се во договорен однос, акционери или членови на органи на управување на правни лица над кои контрола врши Комисијата за хартии од вредност.

(6) Комисијата за жалби ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на жалбата.

(7) Против конечните одлуки на Комисијата за жалби може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

**Примена на Законот за општа управна постапка**

Член 232

Ако со овој закон поинаку не е определено, во постапката при донесувањето на решение се применува Законот за општа управна постапка.

## IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 233

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице (акционерско друштво и командитно друштво со акции) издавач на хартии од вредност, ако:

1) не ги извршува обврските кои произлегуваат од членот 5 на овој закон;

2) издаде хартии од вредност без номинална вредност согласно со членот 6 став (4) од овој закон;

3) не достави акт за издавање на хартии од вредност во форма и содржина пропишана од страна на Комисијата согласно со членот 7 од овој закон;

4) постапува спротивно на членот 11 од овој закон;

5) врши издавање, понуда и продажба на хартии од вредност по пат на јавна понуда без претходно одобрение од Комисијата согласно со членот 12 од овој закон;

6) не започне постапка за запишување и уплата на понудените хартии од вредност согласно со членот 17 од овој закон;

7) поканата за запишување и уплата на хартии од вредност не ја објави согласно со членот 18 став (1) од овој закон;

8) проспектот и поканата за уплата на хартиите од вредност не ги објави согласно со членот 18 став (3) од овој закон;

9) во текот на јавната понуда издавачот ги смени статутот и другите акти кои се однесуваат на правата на сопствениците на хартии од вредност опишани во проспектот согласно со членот 19 став (1) од овој закон;

10) не постапи согласно со членот 19 став (2) од овој закон во случај на измена на условите во текот на јавната понуда;

11) ја рекламира јавната понуда на хартии од вредност спротивно на членот 20 ставови (2) и (3) од овој закон;

12) овластениот учесник на пазарот не обезбеди запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со овој закон, актот на издавање и со проспектот согласно со член 21 став (2) од овој закон;

13) врши реализација на јавната понуда во рок подолг од 12 месеца согласно со членот 22 од овој закон;

14) не ја извести Комисијата за бројот на запишаните и уплатените хартии од вредност и истите не ги објави согласно со членот 24 ставови (1) и (3) од овој закон;

15) акционерското друштво и командитното друштво со акции претходно не ја извести Комисијата за продажба на сопствени акции и не ја достави одлуката за отуѓување на сопствените акции согласно со членот 25 став (1) од овој закон;

16) не ја извести Комисијата за понуда чиј износ е помалку од 25.000 евра во денарска противвредност, не го достави до Комисијата актот за издавање на хартии од вредност и не објави соопштение за јавност за ваквата понуда согласно со членот 26 став (2) од овој закон;

17) не ја извести Комисијата и јавноста во рок од пет работни дена за завршувањето на приватната понуда за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност согласно со членот 27 став (5) од овој закон и

18) не ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот во рок од три работни дена од денот на уписот на основната главнина во трговскиот регистар согласно со членот 49 став (3) од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице - друштво од ставот (1) на овој член.

Член 234

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - депозитар, ако:

1) акционер на депозитарот заедно со поврзаните лица во рок од една година не го отуѓи износот на акциите што ги поседува над дозволениот процент согласно со членот 35 став (3) од овој закон;

2) не му дозволи на правното лице да стане членка на депозитарот доколку ги исполнува условите утврдени со правилата за членство согласно со членот 38 став (4) од овој закон;

3) купи или на друг начин стекне или поседува хартии од вредност за сопствена сметка кои се регистрирани во неговиот систем согласно со членот 45 став (1) од овој закон;

4) не побара согласност од Комисијата согласно со членот 46 од овој закон и

5) не презема мерки и постапува спротивно на членот 48 од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице - депозитар.

Член 235

Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок сопственикот на хартии од вредност, ако:

1) има повеќе од една сметка на хартии од вредност кај еден ист депозитар, спротивно на членот 52 став (5) од овој закон и

2) податоците добиени согласно со членот 68 ставови (1) и (3) од овој закон ги пренесува и ги прави достапни на други лица.

Член 236

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - берза, ако:

1) не достави податоци до Комисијата кои се однесуваат на уписот на промените во трговскиот регистар во рок од пет работни дена согласно со членот 74 став (3) од овој закон;

2) акционер на берза заедно со поврзаните лица во рок од една година не го отуѓи износот на акциите што го поседува над дозволениот процент согласно со членот 76 став (3) од овој закон;

3) не дозволи на правно лице да стане членка на берзата доколку ги исполнува условите утврдени со нејзините правила за членство согласно со членот 79 став (3) од овој закон;

4) не презема мерки за заштита на информатичкиот систем и постапува спротивно на членот 84 од овој закон;

5) купува, стекнува или поседува какви било хартии од вредност за сопствена сметка преку трговска трансакција која се врши на берзата согласно со членот 87 став (1) од овој закон и

6) не побара согласност од Комисијата за работите од членот 88 на овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 денари до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице - берза.

Член 237

Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок вработен во депозитар и берза доколку биде член на надзорен одбор, управен одбор и одбор на директори на акционер на депозитар и берза или членка на депозитар и берза и доколку врши услуги или други активности во нивно име, согласно со членовите 45 став (3) и 87 став (3) од овој закон.

Член 238

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок брокерска куќа, ако:

1) неовластени лица вршат услуги со хартии од вредност спротивно на членот 96 од овој закон;

2) вредноста на основната главнина не ја одржува во секое време од своето работење согласно со членот 99 од овој закон;

3) не располага во секое време со ликвидни средства согласно со членот 100 став (1) од овој закон;

4) во работењето ги надминува коефициентите на изложеност согласно со членот 100 став (2) од овој закон;

5)не ги исполнува навремено пристигнатите обврски и не ја одржува способноста за исполнување на своите обврски согласно со членот 100 став (3) од овој закон;

6) врши распределба на добивка како дивиденда спротивно на членот 103 од овој закон;

7) не ја информира Комисијата за промените на членот 104 став (2) од овој закон;

8) не ја информира Комисијата согласно со членот 108 став (3) од овој закон;

9) не ја извести Комисијата согласно со членот 109 став (2) од овој закон;

10) работите од членот 112 став (1) на овој закон ги вршат неовластени лица со дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата;

11) не се придржува кон обврските од членот 116 на овој закон;

12) не го извести клиентот согласно со членот 117 став (2) од овој закон;

13) не ги извести клиентите согласно со членот 118 став (1) од овој закон;

14) не ја води книгата на налози согласно со членот 121 став (1) од овој закон;

15) купува или продава хартии од вредност за своја сметка или за сметка на лице вработено во брокерска куќа спротивно на членот 122 од овој закон;

16) паричните средства на клиентот не ги чува на посебна сметка согласно со членот 123 став (1) од овој закон;

17) не ги уплаќа паричните средства на клиентот согласно со членот 123 став (2) од овој закон;

18) врши плаќање од паричните средства од клиенти спротивно на членот 123 став (4) од овој закон;

19) паричните средства на еден клиент ги користи за сметка на кој било друг клиент спротивно на членот 123 став (5) од овој закон;

20) не му достави на клиентот извештај за склучување и порамнување на секоја трансакција согласно со членот 124 став (1) од овој закон;

21) не води евиденција и не ги чува сите документи согласно со членот 125 од овој закон;

22) не склучи договор во писмена форма со клиентот согласно со членот 126 од овој закон;

23) не достави до Комисијата текст на кој било предлог на реклама пред таа да биде објавена согласно со членот 128 став (3) од овој закон;

24) не склучи договор за портфолио и не ги исполни условите од членот 129 на овој закон;

25) не достави месечен извештај до Комисијата секој петнаесетти во месецот согласно со членот 131 став (1) од овој закон;

26) не ја извести Комисијата за промени на податоците наведени во барањето на дозвола за работење согласно со членот 131 став (3) од овој закон и

27) не достави годишен извештај за своето работење до Комисијата согласно со членот 131 став (4) од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член одговорното лице во брокерската куќа.

(3) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член брокерот во брокерската куќа.

Член 239

(1) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое постапува спротивно на забраната за вршење на услуги со хартии од вредност од членот 96 на овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице кое постапува спротивно на забраната за вршење на услуги со хартии од вредност од членот 96 на овој закон.

Член 240

Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое постапува спротивно на членот 105 став (1) од овој закон.

Член 241

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок друштвото за инвестиционо советување, ако:

1) не поседува и одржува основна главнина утврдена согласно со членот 149 став (1) од овој закон и

2) во секое време не располага со ликвидни средства согласно со членот 149 став (3) од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член одговорното лице во друштвото за инвестиционо советување.

Член 242

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок акционерското друштво со посебни обврски за известување, ако:

1) не достави до Комисијата ревидиран годишен извештај согласно со членот 154 став (1) од овој закон;

2) не објави резиме на годишниот извештај согласно со членот 155 став (1) од овој закон;

3) не достави до Комисијата полугодишен извештај согласно со членот 156 од овој закон;

4) не достави до Комисијата тримесечни финансиски извештаи согласно со членот 157 став (1) од овој закон;

5) не ги достави до Комисијата извештаите подготвени од страна на извршните членови на одборот на директори или управниот одбор согласно со членот 158 од овој закон;

6) не достави до Комисијата примерок од својот годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај согласно со членот 160 став (1) од овој закон и

7) лицето кое е назначено за член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво не ја извести Комисијата и акционерското друштво согласно со членот 165 од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и физичко лице.

Член 243

(1) Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или друго правно лице во работењето со хартии од вредност, ако:

1) создаде лажна претстава за определена хартија од вредност на пазарот спротивно на членот 170 од овој закон;

2) шири неточни информации преку медиумите вклучувајќи го интернетот предвидени во членот 171 став (1) од овој закон;

3) при купувањето или продавањето на хартии од вредност се служи со манипулативни и измамнички дејствија согласно со членот 172 од овој закон и

4) врз основа на внатрешни информации купува или продава хартии од вредност спротивно на членот 173 став (3) од овој закон.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице.

Член 244

Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казнат за прекршок правното лице, акционерите, членовите на управен одбор, надзорен одбор и членовите на одборот на директори, вработените или надворешните соработници кои при извршување на професионалните задачи имаат пристап до внатрешни информации, ако постапат спротивно на членот 173 од овој закон.

Член 245

Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казнат за прекршок членовите на органите на управување, директорот, вработените и овластените ревизори, ако не постапуваат согласно со членот 177 од овој закон.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Други акти на Комисијата

Член 246

(1) Комисијата ги донесува правилниците и другите акти врз основа на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на актите од ставот (1) на овој член продолжуваат да важат постојните прописи.

### Усогласување на работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Член 247

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје е должен да го усогласи своето работење со одредбите на овој закон, во рок од една година од денот на неговото влегување во сила, и тоа: височината на својата основна главнина согласно со членот 34 од овој закон, составот на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, сите правила и другите акти, како и да ја отуѓи сопственоста на хартиите од вредност кои се во спротивност со членот 45 став (1) од овој закон.

## Усогласување на работењето на Македонската берза АД Скопје

Член 248

Македонската берза АД Скопје е должна да го усогласи своето работење со одредбите на овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила, и тоа: висината на својата основна главнина согласно со членот 75 од овој закон, составот на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, правилата и другите акти, како и да ја отуѓи сопственоста на хартиите од вредност кои се во спротивност со членот 87 став (1) од овој закон.

## Усогласување на работењето на брокерска куќа

Член 249

Брокерската куќа е должна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да и достави на Комисијата изјава за моментната сопственичка структура и да го усогласи своето работење со одредбите на овој закон во врска со висината на својата основна главнина и работењето на своите експозитури.

## Дозвола за работење со хартии од вредност

Член 250

Лицата кои се стекнале со уверенија за работење со хартии од вредност до денот на влегувањето во сила на овој закон, треба да поднесат барање до Комисијата за издавање дозвола за работа со хартии од вредност, согласно со овој закон, во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Извештаи за сопственост

Член 251

Лицата кои имаат обврска да поднесат извештаи за сопственост, согласно со овој закон, се должни истите да ги поднесат до Комисијата во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Комисија за хартии од вредност

Член 252

(1) Мандатот на сегашниот состав на членовите на Комисијата престанува по истекот на периодот за кој се избрани.

(2) Владата на Република Македонија во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе му предложи на Собранието на Република Македонија, да избере двајца комисионери (члена) од составот на постојните членови на Комисијата кои ќе бидат професионално ангажирани во Комисијата со полно работно време и не ќе можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок, освен платата како комисионери (члена) и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Член 253

Постапките кои се започнати, а не се завршени пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 254

Трансакциите со хартии од вредност во кои како купувач или продавач се јавува меѓународна финансиска институција по исклучок од членот 63 на овој закон, до 31 декември 2006 година можат да се порамнуваат на начин и по постапка пропишани од Комисијата за хартии од вредност.

## Престанување на важење

Член 255

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2000, 103/2000, 34/2001, 4/2002, 37/2002, 31/2003, 85/2003 и 96/2004), освен одредбите од Главата В, подглава 1. Тргување со пари и краткорочни хартии од вредност.

## Влегување во сила

Член 256

Одредбите од членот 197 став (1) точка з) и став (2) алинеја 1, членот 220 став (1) точка д), членот 220 став (2) точка а) и членот 221 точка г) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2007 година.

Член 257

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".